магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 72 страници
Година 2 Број 8
Октомври 2023 г.
Цена 150 ден.




## ОБРАЗОВАНИЕ

## НОВА ГЛАМУРОЗНА ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМЦИ И МАГИСТРИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

**МЕГАИНТЕРВЈУ**

**Мимоза КОНЕСКА, менаџер на туристичката агенција „Војажер“**

**ИДНИНА**

**Разговор со ракометарот Борко РИСТОВСКИ**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

**Интервју со амбасадорот на Босна и Херцеговина во Македонија, Н.Е. Драган ЈАКИМОВИЌ**

ISSN 2671-3934

www.magazinturizam.mk





Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Мимоза КОНЕСКА, **менаџер на туристичката агенција „Војажер“** 4



НАСТАН: **Универзитетот Скопје со нов имиџ и нови проекти** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Дејан Недев,** професор на Универзитетот Скопје 18



ОБРАЗОВАНИЕ: **Доделување на дипломи во МОБ и почеток на академската година** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Општина Петровец, Борче МИТЕВСКИ** 32



РЕПОРТАЖА: **Убавините на охридско-струшкото крајбрежје** 38



ДУРБИН: **Прв академски час на Универзитетот Скопје** 48



ИДНИНА: **Разговор со ракометарот Борко Ристовски** 52



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Н.Е. Драган ЈАКИМОВИЌ, амбасадор на Босна и Херцеговина во Македонија** 58



КОМПАРАЦИЈА: **Пензиите во Македонија и во регионот** 64

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ИМА ЛИ ПИЛОТ ВО АВИОНОТ?

*Учебна година без учебници, осиромашени граѓани, препродавање на скапи лекови на грбот на најтешко болните – каде оди Македонија?*

*Ако училиштето е продуцент на идниот човечки капитал на едно општество, тогаш учебникот е еден од најнеопходните ресурси во процесот преку кој ќе се создава и ќе се развива тој капитал. Сведоци сме на парцијални решенија, главно на ниво на експерименти и на пилоти, на избрзано внесување наставни програми осудени на неуспех во нашето општество.*

*Овој третман на образованието кажува многу за тоа какви приоритети во работењето има власта. Во фокус на државата се високата политика и партиските интереси, наместо двата клучни столба – образованието и здравството.*

*Скандалот со препродавање скапи лекови на грбот на најтешко болните, ги исфрли на површина малверзациите кои со години се случувале низ болничките ходници. Повиците за одговорност одекнуваат со сè поголема загриженост. Но, додека во фокусот се тековните истраги, голем број претходни афери во здравството остануваат нерешени.*

*Одговорност нема, ниту оставки, ниту грижа за народот. Просечниот Македонец сè повеќе осиромашува, притиснат од екстремно високите цени што удираат врз испразнетите џебови. Има ли пилот во авионот наречен Македонија? Ќе се промени ли некогаш урнисаниот систем или повторно ќе биде „кучињата си лаат, карванот си врви“!*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## МИМОЗА КОНЕСКА, менаџер на туристичката агенција „Војажер“



# ЖИВОТОТ Е ПАТУВАЊЕ, ПАТУВАЊЕТО Е ЖИВОТ, СПОМЕНИТЕ НЕМААТ ЦЕНА

*„Горда сум на мојата позиција и на мојот постигнат успех. По 18 години со Војажер, можам слободно да кажам дека сме рамо до рамо со многу странски туроператори. Успехот не познава пол, туку само вредна работа и многу труд“*, вели во ексклузивно интервју за Магазинот за туризам и менаџмент сопственичката и основач на туристичката агенција Војажер. Мимоза Конеска по професија е дипломиран правник, но со голема храброст и ентузијазам влегла во светот на туристичкиот бизнис. Таа ги владее светот и егзотичните дестинации, особено Дубаи – градот што не спие и кој е едноставно посебен по тоа како пулсира и зрачи. На Светскиот ден на туризмот, Војажер ја објави и соработката со Универзитетот за услужни дејности од Дубаи, кој е рангиран на прво место на Блискиот Исток и на тринаесеттото место во светот. Универзитетот дава неограничени можности за студентите и за вљубениците во туризмот во земјата рангирана како најдобра во областа на услужната дејност.







Потпишување декларација за поставување на куќата на Конески на картата за посета на учениците и на туристите од Македонија и од регионот.

Конеска со својот татко, Атанас Конески, во куќата на нејзиниот дедо, Блаже Конески, и со нашата позната водителка, Лила Филиповска.






**Спомен-куќата на Блаже Конески ќе се најде на туристичката мапа на Македонија. Иницијатор на овој голем потег е токму туристичката агенција Војажер. Конеска, во Небрегово потпишавте и декларација за поставување на куќата на Конески на картата за посета на учениците и на туристите од Македонија и од регионот. Од каде дојде идејата и каков е планот за реализација?**

Манифестација „Зборот на Конески“ за промоција на македонскиот јазик и на ликот и делото на великанот Блаже Конески има цел да се постави Спомен-домот на Конески на мапата како место за редовна посета за време на ученичките и на студентските екскурзии, но и како место за организација на различни литературни и поетски манифестации, а и за посета на странски туристи. Заложбата е да се поттикнат новите генерации да имаат активен однос и да ги афирмираат ликот и делото на Блаже Конески, како и да се постави неговиот дом како значаен споменик на културата.

Да не се заборави, Конески ја изработил граматиката на современиот македонски јазик, го составил правописот на македонскиот литературен јазик и бил

основач на студиите по македонистика на Скопскиот универзитет.

Спомен-домот ќе се постави и како место за посета при организација на кружни балкански и историски тури низ Македонија. Со тоа, не само што ќе се промовира овој споменик на културата туку и Прилепскиот Регион, кој треба да се постави на мапата на региони за посета при организација на тури како регион кој е ненамерно запоставен и недоволно познат и посетен. Со таа цел е потпишана Декларацијата во рамките на оваа манифестација, која е официјален документ доставен до сите релевантни институции.

**Колку туристичките агенции и експертите во оваа област треба да иницираат вакви новини за да го види светот најубавото од Македонија?**

Туризмот и нашата понуда може да растат онолку колку што растеме и се вложуваме ние. Содржината на туристичката понуда ја креираме ние и заради тоа е потребна иницијатива во секој можен сегмент. Како би стигнале туристите до понудата ако не ја креираме, ако не се направат добар маркетинг и стратегија. Можностите се тука, само треба да ги видиме и да ги понудиме. Македонија е навистина величествена земја во секој поглед: природни убавини, храна, историја, големи и силни личности, наше е само да го понудиме.

Секоја инцијативата треба да има стратегија и на крај, помош од сите сектори кои имаат допирна точка, само тогаш успехот е загарантиран.

**Туризмот е многу значајна гранка за економијата. Што ни е потребно за посета на поголем број странски гости?**

Туризмот како економска активност е најразновидниот сектор и е поврзан со сите останати гранки. Потребна е поголема промоција на сите овие сектори на различни нивоа, со учество на сите чинители што се директно инволвирани во секојдневното функционирање.

За да привлечат туристи, одредени дестинации промовираат рана уплата и последен повик на пакети и цени. Кај нас не функционираат во целост пакет-патувањата со неколку гратис-елементи. Мора да се движиме по текот на новитетите кои ги побаруваат пазарот и клиентите во секој сегмент. Туристите во време на економска криза ги скратуваат деновите за одмор и бараат повеќе поповолни содржини, што значи дека и понудата треба да биде поразновидна.

Во овој момент се појавуваат многу нови содржини од типот на активен туризам, селски туризам и настански туризам, и секако е потребно да бидат поддржани.

**Повеќе од две децении сте во овој бизнис, по професија правник, но експерт за туризам. Што беше пресудно да запливате во туристичките води?**

Јас сум дипломиран правник и со гордост кажувам дека можеби тоа е основата за успешен бизнис, правилата на работа однатре и можноста за контакт со многу домашни и странски експерти од областа дава можност за раст. Во време на комплетна дигитализација и отвореност, на човек му останува секојдневно да учи и да се надградува. Туризмот ме освои од прва, комуникацијата, патувањата, различноста на секој работен ден, едноставно тоа сум ЈАС. Кога човек ја работи онаа работа што навистина ја сака, успехот е неизбежен и енергијата е заемна, нашите патници се неисцрпен извор и мотивација за секоја нова дестинација и програма.

Во моментот кога ја отворав агенцијата, беше чудно за сите околу мене бидејќи бев прва од мојата фамилија која заплови во овие води. Жена, сосема во друга област од онаа во која сум тргнала првично. Затоа порачувам: не давајте никому да ве стави во стандардни рамки затоа што само соништата ја имаат таа сила да бликнат во најуспешна реализација ако верувате и ако го сакате бескрајно она што го правите.




"

КОНЕСКА: *Нашата девиза е – животот е патување, патувањето е живот! Патувањата го оплеменуваат човекот, го прават побогат за нови искуства, ни покажуваат колку сме мали во споредба со светот. Секоја дестинација има своја убавина, свој посебен белег, секако нашиот Дубаи, кој едноставно мора да го посетиш за да го доживееш. Нашите егзотични дестинации: Малдиви, Сејшели, Маурициус, Бали – секој со посебна магија, и на крајот, нашиот заштитен знак – Бодрум. Дестинациите немаат крај и немаат почеток, едноставно секогаш се отвораат нови хоризонти за истражување. Војажер гради мостови на соработка, создава пријателства, ги шири сознанијата и организира вдахновени дружења.*

**Го владеете светот, агенцијата со која менаџирате има одлични понуди за сите европски, но и за далечните егзотични дестинации. Има ли интерес за патување?**

Светот не застанува, па така ни патувањата. Дури и за време и веднаш по пандемијата со короната, функциониравме локално, и сметам дека токму тогаш се виде дека токму патувањата се она што на секој човек му дава содржина на животот и можност да се функционира нормално.

Сега повеќе од секогаш луѓето се желни за патувања, групни и индивидуални, регионално и интернационално, а благодарение на добрите конекции од кај нас и регионот, понудата е разновидна. Ме радува фактот што имаме патници од најразлична возраст – од бебиња под една година, до возрасни над осумдесет години, но и безрезервна доверба од сите. Тоа е најубаво – кога патничката фамилија на Војажер расте и се ужива во секоја нова дестинација.

**Во Дубаи сте како дома. Не само што го знаете секое делче од магичниот град, туку и луѓето од таму ве препознаваат како амбасадор на Македонија во Емиратите, бидејќи сте донеле стотици туристи од земјава?**

Мојот Дубаи е и нашиот заштитен знак, многу ми е драго што го направивме достапен за сите, за секоја возраст и за сечиј џеб затоа што е дестинација што не се посетува само еднаш. Обединети Арапски Емирати не се меѓу најдобрите дестинации само за туризам, туку и за настани, саеми, бизнис-можности, едукација. Тимот на Војажер добро го познава секој сегмент на оваа дестинација и со задоволство му ја доближува на секој наш патник. Од друга страна има многу наши граѓани што живеат и работат таму и кои се наши лични бизнис и приватни контакти. Секако, не треба да ги заборавиме помошта и

Конеска со туристи во Дубаи.



од нашиот локален партнер и ексклузивните хотели кои на неколку пати ја посетија Македонија во своето роуд шоу.

### Зошто е Дубаи магичен и посебен?

Нашиот Дубаи има посебно место во Војажер и за нашите патници. Таму сме како дома, ги имаме нашите водичи кои знаат најдобро да ви го покажат Дубаи, нашите хотели се најдобро лоцирани за сечиј џеб, нашите тури наменски направени за патниците од цел регион за да го запознаат и да го засакаат Дубаи исто како нас. Не можеш да не се воодушевиш од градот во кој зборот „нај“ ќе го сретнеш безброј пати: највисокиот хотел, најголемата марина, најголемата кула, најдобрите ресторани, најпознатите клубови, најубавата ботаничка градина, на листата ѝ нема крај, мора да се доживее за да се почувствува. Од друга страна, беспрекорен ред, максимална безбедност и место каде што може да се вкуси најубавата храна, да се направи најдобриот шопинг, да се ужива во најдобрите забави, да ја видите пустината одблизу со пустинско сафари и да доживеете како би изгледал светот во иднината во Музејот на иднината. Дубаи е град што не спие и знаете како се вели, секојпат има нешто ново да ви понуди и да ве изненади, едноставно посебен во она како пулсира и зрачи.

### Конеска, патувате многу низ светот, која е дестинацијата што секој човек треба да ја види во животот?

Нашата девиза е – животот е патување, патувањето е живот! Патувањата го оплеменуваат човекот, го прават побогат за нови искуства, ни покажуваат колку сме мали во споредба со светот. Секоја дестинација има своја убавина, свој посебен белег, но се разбира, нашиот Дубаи, кој едноставно мора да го посетиш за да го доживееш. Нашите егзотични дестинации: Малдиви, Сејшели, Маурициус, Бали – секоја со посебна магија, и на крај, нашиот заштитен знак – Бодрум. Дестинациите немаат крај и немаат почеток, едноставно, секогаш се отвораат нови хоризонти за истражување. Војажер гради мостови на соработка, создава пријателства, ги шири сознанијата и организира вдахновени дружења.

### Покрај посветен менаџер, Вие, пред сè, сте мајка на прекрасно девојче. Оваа работна позиција бара голема жртва. Како успевате да бидете успешни и да ги менаџирате професионалните и приватните обврски?

Најголемиот успех на еден човек се гледа во успехот на неговите деца. Да се биде мајка е најубавата улога што една жена може да ја добие, најодговорната и најблагородната. Ако мојот успех имаше име, ќе се викаше Ива, мојата ќерка која е вистинска дама во секоја смисла, вљубеник во патувањата повеќе и од мене, и желна за нови знаења и предизвици. Среќна сум што Војажер добива нова генерација вљубеници во туризмот и жени спремни да се соочат со секој предизвик.

Јас ова што сум денес, не би го постигнала без безрезервната помош на мојата фамилија и без огромна љубов на Ива.

### Во Македонија сè уште е мал процентот на жени-менаџери. Мажите го држат приматот, како на високи работни позиции, така и со висина на плата. Колку е тешко да се биде на оваа работна позиција, да решавате различни ситуации, а, најважно, да се грижите за вработените?

Горда сум на мојата позиција и на мојот постигнат успех. По 18 години со Војажер, можам слободно да кажам дека сме рамо до рамо со многу странски туроператори, секако, во соработка со наши, македонски менаџери од двата пола. Успехот не познава пол, туку само вредна работа и многу труд. Зад секој успех стои успешен тим, Војажер го има најубавиот и најдобриот женски тим, и со гордост можам да кажам дека растеме заедно како една голема Војажер-фамилија. Секој нов успех го прославуваме заедно, секој проблем го решаваме со заеднички сили, во секој нов проект влегуваме со заеднички ентузијазам.


Конеска со ќерката Ива.

Тимот на Војажер го красат седум „С“: самоиницијатива, самодисциплина, самоконтрола, самоорганизираност, самосовладување и самостојност.

Еднаш Војажер, засекогаш Војажер, важи и за тимот и за нашите патници затоа што спомените немаат цена.

**Конеска, токму на Светскиот ден на туризмот, 27 Септември, добивте многу значајна задача да бидете официјален агент за престижниот универзитет „The Emirates Academy of Hospitality Management“ за нашиот регион. Што ќе значи ова за Македонија и за идните студенти?**

Ова е наш неодамнешен успех, точно на Светскиот ден на туризмот го објавивме нашиот договор за соработка со Универзитетот за услужни дејности од Дубаи рангиран на прво место на Блиски Исток и на тринаесеттото место во светот. Тоа што го работиме Дубаи толку долго време и со толку љубов, ни отвори дополнителна можност да запливаме и во оваа област.

Универзитетот дава неограничени можности за нашите студенти и вљубеници во туризмот токму во земјата што е рангирана како најдобра во областа на услужната дејност да учат од најдобрите и практично да искусат од прва рака што значи да се работи со најдобрите.

Самиот Универзитет лоциран во Обединети Арапски Емирати дава веднаш можност за продолжување на кариерата во овој регион.

Тука се и плановите за меѓусебна соработка со УТМС, нашиот Универзитет Скопје, на што особено сме горди.

Едноставно продолжуваме уште посилно во сите области каде што работиме. Очекувајте многу нови дестинации, проекти и изненадувања од Војажер.

# РЕБРЕНДИРАЊЕ, ПРОМОЦИЈА НА НОВА ХИМНА И СПОТ, МАГАЗИН И НОВО СТУДЕНТСКО РАДИО – ЕКСПЛОЗИЈА ОД УСПЕСИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ КАКО ВО НИТУ ЕДНА ДРУГА ВИСОКООБРАЗОВНА ИНСТИТУЦИЈА

На 26 септември, пред платото на Универзитетот Скопје беше одбележан Светскиот ден на туризмот, како и ребрендирањето на УТМС во Универзитет Скопје.



# НАСТАН



**Во присуство на многубројни дипломати, бизнисмени, универзитетски професори и медиуми, пред платото на Универзитетот Скопје беше одбележан Светскиот ден на туризмот, 27 Септември.**

**Но, овој ден не беше единствената причина за прослава на Универзитетот. Голем број гости присуствуваа на свечениот коктел по повод ребрендирањето на УТМС во Универзитет Скопје. Се славеа светските признанија, домашните награди, се промовираше Магазинот за туризам и менаџмент, кој успешно се позиционираше на медиумскиот пазар, а се најави и отварањето ново студентско радио во медиумскиот етер. Посебна гордост за цел универзитет беше и промоцијата на новата химна и видеоспотот за Универзитетот Скопје.**



Деканот на Факултетот за туризам на Универзитетот Скопје, проф. д-р Сашко Граматниковски, ги поздрави присутните на прославата по повод Светскиот ден на туризмот и нагласи дека Универзитетот ги слави не само убавината и различноста на светот, туку и можностите што ги носи туризмот во нашите животи.

*„Целта на овој ден е да се подигне свеста за улогата на туризмот во меѓународната заедница. Човечката желба за патувања и истражувања е универзална, затоа туризмот мора да биде отворен секој да може да ужива во него, а многуте социјални и економски придобивки што ги носи да бидат достапни за секого. Тема на овогодинешниот Светски ден на туризмот е ‚туризмот и зелените инвестиции'. Светската туристичка организација ја нагласува потребата од повеќе и подобро насочени*



Проф. д-р Сашко Граматниковски, декан на Факултетот за туризам на УТМС.

*инвестиции за луѓето, за планетата и за просперитетот. Сега е време за нови и иновативни решенија, а не само за традиционални инвестиции кои ги промовираат и ги поткрепуваат економскиот раст и продуктивноста. Овој пристап бара балансирање на управувањето со животната средина, економската одржливост и социо-економското зачувување за да се овозможи долгорочна одржливост. Инаку, Светскиот ден на туризмот нè повикува да се здружиме во една глобална прослава на нашата колективна посветеност за поодржлива и попросперитетна иднина. Да продолжиме да ја негуваме неверојатната привилегија што ни ја дава работењето во туризмот и заедно да создадеме иднина каде што туризмот ќе стане движечка сила, збогатувајќи ни ги животите и обединувајќи нè во нашата заедничка хуманост. Во духот на овогодинешата тема на Светскиот ден на туризмот, да се потсетиме на едно безвременско мото на вистинскиот туризам, кое гласи: ‚Не земај ништо освен спомени и не оставај ништо освен стапалки!‘ Нека ни е честит Светскиот ден на туризмот“*, изјави проф. Д-р Граматниковски пред присутните гости.

*„Иновираме и создаваме нови медиуми. Целта без план е само желба, но ако се усогласат желбата и планот, може да имаме долгорочен успех. Така и го прифатив предизвикот на ректорот Миленковски да го создадеме заедно Магазинот за туризам и менаџмент во издание на Универзитетот Скопје“*, изјави м-р Билјана Трендафилова, главен и одговорен уредник на Магазинот, кој беше промовиран на прославата по повод 27 Септември, Светскиот ден на туризмот, во организација на Универзитетот Скопје.

*„Голем е предизвикот да се води медиум, без оглед дали станува збор*

*за телевизија, радио, весник. Впрочем, патот до успехот никогаш не е лесен, потребни се напорна работа, посветеност и храброст. Општество кое не се менува, не можеме да кажеме ниту дека напредува. Септември е месец кога ги поставуваме новите цели и носиме нови одлуки. Живееме во турбулентни времиња кога зборот може да направи војна, но зборот може и да заврши војна. Во ова време на дигитализација и на наплив од достапни информации, Универзитетот Скопје почна нов проект со цел да го вратиме пишаниот збор во фокус на идните генерации. Денеска можеме сè да прочитаме на интернет, но многу е поважно професионално и стручно да ги разбереме причините зошто нешто се случило. Во Магазинот за туризам и менаџмент можете да прочитате атрактивни интервјуа, анализи базирани на факти и бројки, компарација на Македонија со европските земји. Ги пренесуваме убавините на нашата татковина, а одблиску ја промовираме и академската фела од нашиот Универзитет, која 18 години се труди и успева да ги следи и да ги применува современите високообразовни трендови. Во нашиот Магазин пренесуваме успешни животни приказни, кои се пример и инспирација за идните генерации. Најважно од сè и во животот и во пријателството и во бизнисот е да бидеме професионални, да не се плашиме од тимска работа и да бидеме посветени и упорни. Тоа го прави Универзитетот Скопје*", изјави Билјана Трендафилова, главен и одговорен уредник на Магазинот за туризам и менаџмент.

Главниот говор по повод Светскиот ден на туризмот го имаше ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, кој ги најави новиот спот и новата химна на Универзитетот.



М-р Билјана Трендафилова, главен и одговорен уредник на Магазинот за туризам и менаџмент.

*„Сакам посебно да му се заблагодарам на тимот што ги направи новиот спот и новата химна на Универзитетот Скопје. Се собравме тука за да го направиме овој ден уште повеличествен. Ви благодарам што сте тука во толку голем број и ви се поклонувам до земја. Да, се ребрендиравме. Долго време размислував  за нашето ребрендирање, што да правиме,  дали е тоа вистинскиот чекор. Како дојде идејата да се викаме Скопје... Почнавме како факултет за туризам во 2006 година, а набргу потоа создадовме универзитет согласно законските прилики и прописи во 2008 година, кога се нарековме Универзитет за туризам и менаџмент. Меѓутоа, од 2010 година, членуваме во Светската туристичка организација и неретко или многу често, таму на седниците на Извршниот совет и на седниците на Собранието на оваа светска организација, не нè повикуваа, ,ајде, Универзитетот за туризам и менаџмет што мисли', туку ,ајде, што мисли Скопје, ајде, Универзитет Скопје, што ќе кажете вие'. И така, кога се враќавме од каде било, секогаш разговаравме, а – зошто да не се викаме ние Универзитет Скопје? Името Скопје за мене значи многу. Јас сум овде роден, ова е моето Скопје и никому не го давам. Исто како што нашата заедничка татковина ја нарекувам мојата Македонија, и вечерва тука ќе ја славам со вас!“*, рече проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје, објаснувајќи ги мотивите за новото име на поранешниот Универзитет за туризам и менаџмент, на прославата што ја организираше по повод Светскиот ден на туризмот.

Миленковски во својот говор истакна дека Универзитетот Скопје, кој е лидер во високото

Промоција на новиот спот за химната на Универзитетот Скопје, „Мојот универзитет“.



образование во Македонија, неодамна доби и меѓународно признание за најдобар Универзитет во деловното образование, како и за неговото значајно влијание врз образованието на следната генерација на бизнис-лидери. На ректорот на Универзитет Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, му беше доделена и титулата „Амбасадор на образованието за 2023“.

***„Најновата награда на нашиот Универзитет е онаа што ја добивме во Рим, точно на Преображение. На 19 август бевме гости во Рим, каде што нè вброија во стоте најуспешни компании. Меѓународниот институт за бизнис нè побара врз основа на нивни истражувања. Параметрите за успех не се само финансиски биланс иако велат дека поприлично покажуваме многу пари. Тоа е затоа што ние имаме голема општествена одговорност и парите не сакаме да ги трошиме само за нас. Таа организација, Меѓународниот институт за бизнис, ме прогласи за Амбасадор на образованието за оваа, 2023 година, за што сум им многу благодарен“***, кажа проф. д-р Миленковски, кој на крајот од својот говор пред присутните ги најави и новата химна и спот на Универзитот Скопје.

На свечената промоција, Универзитетот  Скопје им додели и сертификати за завршена обука на десет млади туристички водичи од руралните средини.  Сертификатите се добиени како резултат на соработката на Универзитетот Скопје и на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, а преку ИПА-проектот за прекугранична соработка меѓу Македонија и Грција.

Инаку, Универзитетот Скопје во изминатата година активно ги поддржа сите амбициозни и талентирани личности да се запишат и да стекнат знаење на една од најдобрите високообразовни институции во земјава. Се стипендираа стотици млади луѓе, талентирани спортисти, а Универзитетот доби и награда за општествена одговорност кон младите луѓе.



**Проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје.**

# КОЛУМНА

Пишува: проф. д-р Дејан Недев,
професор на Универзитетот Скопје



# ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ЗАНИМАВААТ СО СПОРТ ЗА ДА НАУЧАТ КАКО ДА СЕ СООЧАТ СО ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО ЖИВОТОТ

**Децата и младите своето слободно време претежно го поминуваат во активности како гледање телевизија, играње на компјутер или мобилен телефон, покажуваат истражувањата. Во услови кога има спортски клубови на секој чекор и за речиси секој спорт, а резултатите се поразителни, што значи занимавање на секое дете со спорт? Како се одразува тоа понатаму во нивниот живот во учењето, дисциплината, справувањето со предизвиците, авторитетите?**

Спортските клубови, макар биле на секој чекор, се прва линија на борбата со последиците од технолошкиот развој, а кои се евидентни на дневна основа, најмногу преку прекумерната телесна тежина и појавата на телесни деформитети, и не помалку и преку отуѓеност и отежнатата комуникација кај децата.

Слободното време е постиндустриска придобивка, а неговата структура влијае како врз индивидуалниот, така и врз општествениот развој.



Недев: „Преку спортот до самостојност, дисциплина и емоционална контрола.“



Затоа, би сакал да им посочам на родителите денес дека врвниот спортски резултат не треба да биде најголемата причина за одлуката детето да го вклучат во спортски активности, туку дека треба да биде последица. Спортот има многу други вредности значајни за таа фаза. Преку спортот другаруваат, се учат на самостојност, дисциплина и емоционална контрола, го развиваат интелектуалниот капацитет, стекнуваат вештини за функционирање во тим, се наоѓаат во позиција да носат одлуки во определен временски интервал, се соочуваат со пораз и градат способност за негово надминување, опстојуваат и кога е тешко. Сето ова, заедно со изградената навика за физичка активност, подоцна се пресликува во животниот развој и овозможува успешно соочување со предизвиците кои тој ги носи.

Првите појави идентични на туризмот денеска се поврзани со форми на спортска активност, Античките олимписки игри (776 п.н.е.), па се чини дека оваа поврзаност е отсекогаш. Поврзаноста на спортот и туризмот варирал низ различни историски периоди и е условена од привилегијата да се има слободно време и слободни парични средства. Првите академски трудови за поврзаноста на спортот и туризмот се забележуваат во 60-тите и во 70-тите години од минатиот век, но вистинскиот интензитет на научно-истражувачки трудови се бележи од 90-тите години и трае до денес. Од нив може да се констатира дека развојниот тренд на туристичките движења во насока на содржинска исполнетост доживува интензивни промени во периодот од доцните 60-ти до доцните 80-ти години со вклучување на одредени физички активности како пешачење, планинарење, карате, пливање, едрење, тенис и слично, а во периодот по 90-

тите, спортската вклученост во содржинските активности на туристичките движења се јавува до степен што терминот спортски туризам се „економизира“. Во последната деценија стануваат сè поактуелни спортските кампови на кои учесниците стекнуваат дополнителни знаење за спортот кој го практикуваат. Ако ги земеме предвид сето она што го поседуваме како ресурсите и побарувањата на категоријата спортски туристи, тогаш тие се можеби идеалната форма на спортски туризам на која треба да работиме. Но, таа се разбира не е единствената.

За да дадам одговор на прашањето што сè е форма на спортски туризам, би сакал само да ги посочам димензиите на кинезиологијата, односно науката за движењето, а тоа се физичкото и здравствено воспитување, спортот, рекреацијата и кинезитерапијата. Во сите овие димензии, физичката активност има различна цел, а во секоја од нив егзистираат форми на спортски туризам. Па така, покрај спортските кампови, спортските случувања, спортските семинари, различни рекреативни програми, спортската анимација, спортските подготовки, медицинските активни програмирани одмори се форми кои влегуваат во спортскиот туризам. Постојат повеќе класификациски шеми на спортски туризам кои во зависност од аспектите се преклопуваат целосно или делумно. Покрај најшироката класификација на активен и пасивен спортски туризам, би сакал кон формите да ја додадам онаа на Гибосн, таканаречениот носталгичен спортски туризам што егзистира во светот, но не и кај нас, а чии ресурси за развој се спортски музеи или спортски објекти од историско значење.

Во Македонија има позитивни примери на спортски туризам. Проблемот е нивната препознатливост. Кога мислам на препознатливост, тоа првенствено се однесува на вистинската идентификација на спортскиот турист, односно кој сè влегува во таа категорија. Во зависност од формата на вклученост, спортскиот турист може да биде активен и пасивен, или најгрубо кажано, спортистите на сите нивоа, нивната логистика, и посетителите (публиката).

**Летен карате-семинар во Неа Флогита, Грција 2023 година.**



Ние имаме статистичка методологија на севкупно генерирање на бројот на туристи, така што е навистина тешко да се заклучи која форма на туризам, колку партиципира во таа севкупност. Тоа важи и за спортскиот туризам. Од друга страна, тие позитивни примери не се резултат на синергиско и институционално дејствување на двата сектори и тоа, за волја на вистината, не е карактеристика само кај нас. Надминувањето на таа независност во дејствувањето е предизвик и на многу поразвиени туристички дестинации од нашата. Во оваа насока, не смее да остане незабележана можноста за субвенционирање на форми на спортски туризам од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, како и нивната иницијатива за изработката на одделна стратегија за развој на спортскиот туризам. Спортските случувања поради нивната јавност се најпрепознатливата форма на спортски туризам. Посебно оние поголемите имаат најголема туристичка вредност, не само преку бројот на ноќевања, туку и како можност за јакнење на дестинациски бренд. Притоа,


Дејан Недев, европски шампион, Ерусалим 2011 година.



Дејан Недев, светски шамион, Копер, Словенија, 2015 година.

свесноста за дестинацијата расте уште при добивањето на организацијата на спортскиот настан, но што е уште поважно, покрај периодот на нејзино одржување, ефектите се чувствуваат и по нејзиното завршување. Светскиот шампионат во традиционално карате одржан во месец ноември 2022 година е еклатантен пример за тоа. Но, тука некаде завршува приказната за спортските случувања кај нас кои влегуваат во категоријата каде што посетителите (публиката) односно пасивните спортски туристи го надминува бројот на учесниците, активните спортски туристи. Сепак, тоа не значи дека сите останати случувања кај нас, немаат своја туристичка вредност. Таа генерално се темели на нивниот традиционален карактер и вонсезонски потенцијал. Скопскиот маратон е еден од примерите или пак репрезентативните случувања во младинските категории, балкански, европски или светски шампионати од различни дивизии. Сè поголема активност има и на полето на спортските подготовки, како и во делот на рекреативни активности базирани на природни ресурси (планински велосипедизам, планинарски тури, велосипедски тури). Спортот и туризмот се комплексни, мултидисциплинарни дејности и нивниот производ не е резултат на единствен производствен процес. Затоа, заживувањето на кластер за спортски туризам е од големо значење. На терен постои иницијатива, само потребно е да ја поттикнеме тимската работа.

Се поставува прашањето: дали имаме и колку е важна инфраструктурата во спортскиот туризам?

Кога зборуваме за инфраструктура, не е клучен квантитетот, колку имаме, туку квалитетот, што имаме. Литературата забележува дека не е конкурентна онаа дестинација која има поголем број ресурси, туку онаа која подобро управува со нив. Тоа не се однесува само на спортската инфраструктура, пред сè на спортските објекти, туку и на другите компоненти на



**Промоција на монографијата „Половина век исполнет со успеси“, чиј автор е Дејан Недев, Универзитет Скопје, 2017 година.**

туристичката понуда: природни атракции, сообраќајната достапност, туристичкото посредништво, угостителските и други капацитети на дестинацијата (како здравствени или безбедносни на пример). Потребна е стандардизација на спортскиот туризам, која ја диктираат меѓународните спортски федерации, и делумно или целосно се преклопува и со личните стандарди на сите категории спортски туристи. Оваа стандардизација глобално се однесува на спортските објекти, сместувачките капацитети, временско-просторна оддалеченост меѓу нив и на гастрономската понуда. Истражувањата на терен покажуваат дека ни недостига јасна категоризација и мапирање на спортските објекти. Искуствата велат дека мал број од нив обезбедуваат стандарди за посериозни меѓународни натпреварувачки и тренажни активности. Но, тоа не значи дека не можеме да имаме раздвижување со активностите кај другите категории спортски туристи, покрај врвните.



**Градоначалиникот на Неа Пропонтида, Манолис Карас, на Недев му доделува награда за развоја на карате-спортот на Халкидики.**

**Дејан Недев со Томас Бах, претседтел на Меѓународниот олимписки комитет и Венцислав Недев, претседател на Македнската традиционална карате-федерација.**



# ОБРАЗОВАНИЕ



# НОВА ГЛАМУРОЗНА ПРОМОЦИЈА НА ДИПЛОМЦИ И МАГИСТРИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

„Нашата диплома е ваш пасош за светла иднина, таа е вашиот пасош за влез во компании, државни институции. Но, вашата вистинска моќ произлегува од вашето знаење, од вашите вештини и од вашите компетенции што ги стекнавте на нашиот Универзитет во текот на повеќегодишното учење“, ова на дипломците и на магистрите им го порача ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, во својот инспиративен говор на Свечената промоција на 15. генерација дипломирани студенти и 13. генерација дипломирани магистри за 2023 година.







Балетот „Simply the Best“, симболика на најважните образовни моменти на еден студент.



На почетокот на свечената промоција, гостите во салата уживаа во перформансот на балетот **„Simply the best“** во кореографија на Олга Панго, чија изведба низ музика и игра ги доловија сите важни мигови во образованието на една личност, а бура од емоции предизвика и изведбата на дел од култната група „Меморија“ на една музичка изведба составена од четири различни рефрени.

Настанот во преполната сала на МОБ започна со интонирање на химната и поздрав кон државното знаме, а во присуство на амбасадори, градоначалници, претставници на државните институции, родители, студенти и јавни личности. Ректорот Миленковски им порача на дипломците и на магистрите дека образованието е најголемата сила на човечката цивилизација, која дава моќ што нема крај.

**Сакам да кажам дека дипломата што ќе ја примите, што ќе ви ја доделам јас вечерва, иако е обично парче хартија, не е без посебно значење. Што ви значи таа вам? Ви значи како пасош со кој патувате низ светот, таа е вашиот пасош за влез во националните компании, за влез во државните институции и установи, за влез на вашите работни места. Почитувани членови на Советот за доверба и соработка, ве молам, слушнете ме добро, видете ги нашите магистри и дипломци и знајте дека тие се идните ваши вработени. Вашата моќ, дипломци и магистри, не произлегува од вашата убавина, ниту, пак, од вашите прекрасни фризури, не произлегува од вашата доминација. Вашата моќ произлегува од вашето знаење, од вашите вештини и од вашите компетенции што ги стекнавте на нашиот Универзитет во текот на повеќегодишното учење и студирање. Вашата супер моќ произлегува од вашите вештини и компетенции. Едно нешто треба да запаметите, да знаете дека мојата сила не ми ја дава физичката сила, мојата сила и вашата сила произлегуваат од образованието, затоа што образованието е најголемата сила во светот на човечките цивилизации, од нивниот почеток, па сè до денес. Тоа ја претставува вашата моќ, образованието ви дава моќ што нема крај. Вие денес овде пред вашите**




Интонирање на македонската химна.

**родители го поднесувате својот извештај за постигнатиот успех во вашиот едукативен процес на нашиот Универзитет. Ниту една друга институција и установа во државата на која можам да помислам во овој момент не троши толку многу енергија и не вложува толку напори за креирање и создавање кадар што ќе биде финален производ на заложбите колку што трошиме и вложуваме ние**, изјави ректорот Миленковски во преполната сала во МОБ.

**Затоа, мојата татковина им ја давам на идните поколенија, на моите магистри, на моите дипломци, затоа што знам дека во нивните раце таа ќе биде сигурна и стабилна**, истакна Миленковски во својот говор.

**И мојата татковина не ја давам никому, не ја давам! Но, дозволете ми да им ја дадам на вашите деца, на нашите идни поколенија, на моите дипломци и на моите магистри, да им ја дадам на овие млади луѓе затоа што верувам дека таа во нивните раце ќе биде стабилна и сигурна. Во нашата земја историјата се пишувала со крв, со болки, со неправди, таа повеќе пати од пепел се кревала, но молкум истрајува до денес. Тоа е мојата Македонија, онаа што јас ја носам во моето срце, таа што ми трепери во мојата душа, таа што ги топли моите гради. Прифатете ги моите најискрени честитки и желби за среќен и успешен живот, мои драги магистри и мои драги дипломци, и за уште поуспешна кариера. Уште еднаш ви честитам и вам, и на вашите родители, и на вашите професори, за нова, чесна и истрајна генерација што знае што сака**, изјави Миленковски.

**Дигиталната технологија е сè повеќе распространета, вашето знаење треба постојано да расте, и тука нашиот Универзитет е оној што вистински може да ги исполни вашите желби и да ви помогне да ги остварите вашите соништа**, констатира Миленковски.

**Денес мои дипломци и магистри, сè повеќе е распространета употребата на дигиталната технологија. Циркулацијата на знаење се одвива многу брзо, вие сте најдобри сведоци на тоа. Затоа, сега вашето знаење треба перманентно да**




„Никогаш да не престанете да учите", им порача ректорот Миленковски на студентите.



расте во големите, средните и во малите претпријатија. Ваквите случувања создаваат нови можности, но и нови предизвици. Размената на знаење е различна од размената на информации, размената на знаење е консултативно и вклучува социјална интеракција и комуникација заснована на меѓусебна доверба. Главно, тоа е човечки културен процес, а не само формален и механички. Затоа, размената на знаење бара вештини и способности за интеракции, да соработувате во процесот на решавање на проблемите. Ако ги извршувате вашата задачи, само со упорна работа ќе придонесете вашите вештини да се развијат и да се зајакнат. Затоа, драги дипломци и магистри, младиот човек што успешно го завршува своето образование, треба да има квалитет, храброст и одлучност, за да може да плови по бурните морињa, да се справи со промените, да ги прифати можностите и да води добар живот. Нашиот Универзитет е оној што вистински може да ги исполни вашите желби и да ви помогне да ги остварите вашите соништа, изјави Миленковски.

Да не престанете со учење, затоа што дипломирањето не е крај на учењето, туку нов почеток, да ја сакате вашата татковина и да се стремите кон поголеми достигнувања, им порача на крај ректорот Миленковски на своите студенти.

Се надевам дека ќе бидете храбри да барате нови гледишта и никогаш да не престанете да учите, ама баш никогаш. Светот сега поминува низ период на големи турбуленции, трансформации и длабоки приспособувања, новиот круг на технолошки револуции и индустриска реформа водена од иновациите се формира со огромна брзина. На социјалната мрежа Фејсбук, на пример, ѝ требаа речиси четири и пол години да достигне една база од 100 милиони корисници, а на Инстаграм, сега внимавајте, му беа потребни само две и

пол години за 100 милиони корисници. На Тик-ток, пак, му требаа само два месеци да добие 100 милиони корисници! Ете, тоа се должи на оваа технолошка трансформација, и затоа вие мора да бидете во тек со сите иновации. Затоа, за вас, мои дипломци и магистри, вашето дипломирање не е крај на вашето учење, туку нов почеток, и само ако продолжите да учите, можете да летате високо.

Второ, се надевам дека ќе ги преземете одговорностите на времето и ќе го искористите најдоброто од вашата младост. Иако секоја генерација има свои предизвици, вие, младите во нашата татковина Македонија, денес морате да ѝ бидете посветени на нашата кауза, да ја сакате нашата татковина. Со соништа во срцето и со одговорност на рамењата да марширате напред одлучно и со огромна сила. Се надевам дека ќе го искористите најдоброто од вашата младост и ќе продолжите со основната вредност на љубовта кон нацијата и кон нашата татковина, Република Македонија. И што е уште поважно, не сакам да кажам дека се надевам, туку сигурен сум дека ќе го усогласите вашиот личен раст со развојот на нашата земја, со развојот на нашата татковина, со развојот на Република Македонија. Сигурен сум дека целосно ќе ја одиграте вашата важна улога како млада генерација што ќе нè води напред развивајќи ја Македонија, нашата татковина.

Трето се надевам дека ќе се стремите кон поголеми достигнувања, за нашата земја, за вашата земја, за мојата земја. Како млада генерација соочена со комплексна и постојано менлива средина дома и во странство, треба да имате оптимистичка визија за иднината на човечката цивилизација. Затоа што, драги мои дипломци и магистри, сите ние ја делиме истата судбина и чекориме и одиме по истиот пат. Потребно е постојано да работите на себе, да го развивате вашиот карактер, да го развивате вашиот ум, да развиете меѓународна перспектива поддржана со опширно и длабоко знаење. Треба да се вклопите во повикот на нашата татковина и на нашето време и да се стремите да му служите на човечкиот род , но и на целиот македонски народ. Да се охрабрите да ги остварите благородните соништа, да ги остварите поголемите цели, и со поголема амбиција, со визија, сите заедно да ја оствариме нашата цел, изјави Миленковски.

На свечената промоција беа прогласени и најдобрите студенти, а пред гостите се обрати Мартина Нанева, првенец на генерацијата.

Напорно работевме за тоа што го вечерва го добивме. Тој пат бара упорност, работа и квалитетни професори, кои успешно нè водеа до нашата крајна цел, кажа Нанева пред присутните гости.

Ја користам оваа можност вечерва на сите професори и асистенти искрено да им се заблагодарам во името на генерацијата дипломирани на Универзитетот Скопје. Нашето место и улога во целиот тој процес на стекнување знаења, вештини и компетенции се огледува во нашите континуирано извонредни резултати во студирањето, со што создаваме релевантна слика во јавноста за квалитетот на Универзитетот, кој се позиционира како лидер во високото образование во меѓународни рамки.

Нашите постигнати резултати во студирањето и знаењето што го стекнавме на Универзитетот со помош на вашето лидерство, се основа за градење и унапредување на довербата на македонската економија и општество во целина во потенцијалот на Универзитетот Скопје. Што се однесува до нашите размислувања и очекувања во иднина, во професионалните сфери, дозволете ми




Обраќање на најдобриот дипломец, Мартина Нанева.

Обраќање на најдобриот магистер, Светлана Пеншовски.



**со вас да ја споделиме нашата увереност дека Универзитетот Скопје и понатаму ќе остане на врвот на македонското високо образование, пример на функционирање според најрепрезентативна и најуспешна високо-образовна филозофија. Увереност дека ќе бидеме пример што придонесува кон зацврстување на довербата и кон заинтересираност на поголем број студенти. Во името на сите дипломирани студенти на Универзитетот, би сакала особено да им се заблагодарам на ректорот на Универзитетот, проф. д-р Аце Миленковски, и на неговиот тим за сите нивни заложби, напори и дела со кои ни го креираа патот во иднината. Упатуваме порака дека сме горди што од денес ги имаме и ги претставуваме стекнатите знаења и добиените дипломи од Универзитетот Скопје и ве уверуваме дека ќе останеме на врвот на македонското високо образование**, изјави Мартина Нанева, студентка на генерацијата.

**Ние сме горди затоа што нашата диплома е препознатлива во целиот свет, а Универзитетот Скопје е етаблиран лидер во високото образование**, кажа магистер Светлана Пеншовски, која се обрати на Свечената промоција и изјави дека ректорот, професорите и асистентите ги исполниле сите нивни очекувања, а дека овој момент ќе го паметат цел живот.

**Во името на сите магистри, сакам да ја искажам неизмерната благодарност до Вас, ректоре, до вас, професори и асистенти, за тоа што ги исполнивте сите наши очекувања. Вие, кои преку квалитетните предавања, истражувачките проекти, како и низ многу други активности нѐ воведовте и ни ги откривте тајните на успехот во бизнисот. Вие го поттикнавте лидерството во нас, вие ги зацврстивте етичките принципи во нас, вие нѐ убедивте дека треба да имаме високи цели. Визијата во секој од нас за професионална кариера ја поставивте на реални основи, и затоа ние веруваме во себе, во нашите можности, во**

**нашите извонредни компетенции. Вие нè поддржавте, а ние успеавме нашиот сон да го живееме. Ние сме горди магистри на Универзитетот Скопје затоа што нашата диплома е препознатлива во целиот свет, затоа што Универзитетот, вие и ние, сме препознатлив, цврсто позициониран бренд во високото образование на глобално ниво. Вие нè брендиравте со моќта на знаењето, ние од денес сме БРЕНД-АМБАСАДОРИ на Универзитетот Скопје. Успешната приказна за нашите мисли, за нашите импресии, за нашите силни емоции ќе ја раскажуваме секогаш и секаде, затоа што вие од нас креиравте уникатен модел на исклучително квалитетни и конкурентни професионалци.**

**Ние и по нашето магистрирање остануваме нераскинлив дел од Универзитетот Скопје, од Вас, почитуван Ректоре, од вас, почитувани професори и асистенти, од вас кои од нас креиравте престижен модел на бренд-лидери. Вечерва е нов почеток на нашата соработка во нови области, од нов аспект, како дел од Алумни-асоцијацијата на Универзитетот.**

**На крајот, од името на сите магистри сакам да упатам апел: да ги негуваме, зацврстуваме, оплеменуваме со силата на умот и со силата на говорот, со апликативни активности, иновативни содржини, сите квалитети кои ги дава оваа високо-образовна институција, бидејќи тоа нè води сите нас во глобалното семејство на културни и едуцирани народи.**

**Воедно, на Универзитетот Скопје како етаблиран лидер во високото образование му посакуваме уште многу успешни генерации дипломци и магистри**, кажа во својот говор магистер Светлана Пеншовски.

Ректорот Миленковски на крај им порача на дипломците и на магистрите дека сите треба да ги запаметат вредностите всадени од Универзитетот. **Вие**, рече Миленковски, **го имате клучот на успехот, на јачината, на силината, вие ги имате клучевите на иднината на нашата татковина, секој од вас држи по една низа клучеви и со нив отворете ја вратата на стабилноста на нашето општество!**

Традиционално фрлање на студентските капи.



## ИНТЕРВЈУ СО БОРЧЕ МИТЕВСКИ

*Градоначалник на Општина Петровец*



# ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ НА ВРВОТ ПО ВЛЕЗ НА ДОМАШНИ И НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

**Во општина Петровец речиси да нема невработени. Градоначалникот Борче Митевски во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека е горд што раководи со општина која е на врвот по влез на странски и на домашни инвестиции. Двете индустриски зони, Чојлија и 'Ржаничино, се седиште на многу домашни и странски инвеститори. Од неодамна администрацијата во општина Петровец работи во нова модерна зграда изградена од општински средства. Првиот човек на општината најавува нови инфраструктурни проекти и изградба на нова градинка.**



Борче Митевски, градоначалник на Општина Петровец.

**Општинската администрација во Петровец од септември работи во нова модерна зграда. Колку време и средства беа потребни за новиот изглед?**

За новата општинска зграда беа издвоени 34.000.000 денари, средства обезбедени од буџетот на Општина Петровец, а објектот беше изграден само за една година.

**Во изминативе месеци нов лик добија и неколку училишта во Вашата Општина. Ќе има ли подобри услови за воспитно-образовниот процес на најмладите?**

Општина Петровец секогаш се грижи за жителите на општината, а посебно за најмладите. Една од работите што ги правиме како општина е и обезбедување услови за солидно и непречено изведување на воспитно-образовниот процес, со реконструкција и санација на училиштата и на нивните училници, како и со изградба на спортски сали.

**Општината со која раководите е на врвот по влез на странски и на домашни инвестиции. Што се гради во Петровец и кои се новите инвеститори?**

Нашите две индустриски зони, Чојлија и ’Ржаничино, се седиште на многу домашни и странски инвеститори бидејќи нудиме најповолни локациски услови, комуналии и ажурна општинска администрација. Со околу 170 градежни парцели определени со урбанистичките планови, се стремиме и се надеваме дека ќе бидеме водечка општина во делот на индустриските зони со намена Г-2, лесна преработувачка помалку загадувачка индустрија.



МИТЕВСКИ: ***Секако, за целосно реализирање на предвидените проекти, потребна ни е поголема помош и од централната власт. Но, за жал, покрај минималната соработка со неколку министерства, не можеме многу да се пофалиме со соработката со поголемиот дел од надлежните министерства, како и со актуелната влада, кога станува збор за финансирањето на одредени проекти.***

Во Петровец се градат многу производни хали, разни магацини и царински складови, а дом сме и на многу фотоволтаични централи.

Меѓу последните инвеститори што дојдоа кај нас се следните фирми: НОВАПОР од Охрид, кои ќе воспостават производство на леснобетонски производи, ПРОСПЕРА од Куманово, кои ќе произведуваа прозорци и врати (столарија), АДРОИТ- производство, НОМАГАС, НОВТРЕНД, УНИВЕРЗАЛ КОМЕРЦ, САЈБОГРУП, ЕЛЕКТРОЛАБ, фотоволтаични електрани на 3 парцели по 16.000 квадратни метри, 5 фирми за преработка на канабис (меѓу кои и НЈСК Холдинг, која штотуку доби награда за најмодерна фабрика од таа област), ТИНЕКС, МЕТРО, КИПЕР МАРКЕТ, ТИКВЕШ, БРУТИ за производство на алуминиумски профили, СЛАБИНК од


Градоначалникот на Петровец на терен.



металната индустрија, ВОЛВО, КВЕНБЕРГЕР во областа на логистиката и на царината, ЈУГОЕКСПОРТ, ТЕРАФРЕШ, ЛИФТАС, СЕЗАЛ, МЛАБ, Г-ФЛАУЕРС за прехранбени бои, МАД ДИЗАЈН за обработка на дрво, и уште многу други фирми и физички лица кои го организираат своето производство во границите на нашата општина, а кои своите производи ги пласираат на домашниот и на меѓународниот пазар.

**Изградбата на нови објекти ќе отвори и нови работни места за жителите. Има ли локален кадар и колку успевате како градоначалник да ги задржите младите во своето родно место?**

Се отворија голем број работни места особено во мултифункционалната зона во Ќојлија. Може слободно да кажам дека не постои работоспособен човек во општината Петровец што има желба да се вработи, а да не е вработен во зоната. Со проширувањето на зоната и со отворањето нови фирми, се јавува и недостиг од работна сила, па се вработуваат лица и од околните општини.

**Инфраструктурата е од особено значење за секоја општина. Дали е доволна буџетската каса за реализација на предвидените проекти?**

Точно е тоа дека инфраструктурата има особено значење за секоја општина. Затоа ние како Општина, голем дел од буџетот, ако не и најголемиот, го издвојуваме за инвестиции во инфраструктурата. Буџетот до некоја граница ги задоволува потребните средства за дел од предвидените проекти, но не за сите. Сепак, со домаќинско

работење изнаоѓаме начини за реализирање на предвидените проекти, па досега реализиравме или се во тек на реализација високи 90 % од предвидените проекти.

Колку има централната власт слух за проектите на локалната власт?

Секако, за целосно реализирање на предвидените проекти ни е потребна поголема помош и од централната власт. Но, за жал, покрај минималната соработка со неколку министерства, не можеме многу да се пофалиме со соработката со поголемиот дел од надлежните министерства, како и со актуелната влада, кога станува збор за финансирањето на одредени проекти.

**Како градоначалник, остварувате средби со граѓаните и на терен ги воочувате нивните проблеми. Колку успевате да најдете решение?**

Секојдневно остварувам средби со граѓаните, како во општината, така и на терен. Ги слушам проблемите со кои се соочуваат, нивните барања и потреби и, секако, правиме сѐ за да им ги олесниме животот и функционирањето во местото на живеење и пошироко.

**Кои се идните планови што планирате да ги реализирате во Општина Петровец за време на Вашето владеење?**

Во најкраток период треба да изградиме уште една градинка во населеното место Петровец со капацитет од 70 дечиња, со што ќе го решиле проблемот на младите брачни парови со згрижување на дечињата. Планираме да завршиме и со поставувањето на патната инфраструктурата, како и со одводната канализациона мрежа, толку колку што ни дозволуваат финансиските можности.



Камен-темелник за изградба на нова градинка во Петровец.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for **three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy



Панорама на Охридско Езеро.
*Извор: photohound co*





# РЕПОРТАЖА

## КРУЖНА ТУРА ОКОЛУ ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Величествена природа, но и градежна офанзива која го загрозува статусот на УНЕСКО. Вака отприлика во една реченица еден турист може да го опише доживувањето на пределот околу Охридското Езеро, како од македонска, така и од албанската страна. Двете држави имаат уште многу работа како да го направат попривлечен овој реон без притоа да го загрозат статусот на УНЕСКО. За подетално да ги доловиме атрактивните места по должината на брегот, се упативме на еднодневно патување околу езерото.

## КАЛИШТА

Струга ја одредивме како стартна станица на патувањето. Бидејќи овој град со богата историја заслужува посебна туристичка анализа, овој пат ќе го прескокнеме. Движејќи се кон граничниот премин со Албанија, манастирскиот комплекс Калишта веднаш се издвои како локација од посебен интерес за секој турист. Тој се наоѓа на самиот брег на езерото веднаш до хотелот „Бисер“. Во комплексот, посебно место има познатиот средновековен манастир посветен на Рождеството на Пресвета Богородица, сместен во пештера над езерото, за кој се знае дека потекнува од XIV век.

Оваа мала црквичка направена во карпа се состои од три монашки ќелии, две на долниот и една на горниот кат. Во секоја од ќелиите се влегува низ мала и тесна врата, а и самите ќелии се едноставни мали соби во кои монасите се изолирале.

Покрај оваа стара пештерска црква, изградени се и две нови цркви со преубави манастирски конаци, кои доминираат над езерската шир.

## „ЦРНА БОГОРОДИЦА“ – СИМБОЛ НА ЛЕКОВИТАТА МОЌ ЗА ПАРОВИТЕ БЕЗ ДЕЦА

Овде, во овој комплекс, кој се простира во неопислива природна убавина, се организираат бројни свадби и крштевки. Комплексот особено е посетуван од парови кои сè уште немаат деца. Тоа е така, поради тоа што веруваат во исцелителната моќ на т.н. „црна икона“. Имено, во стариот пештерски дел, кај ќелиите на монасите е пронајдена единствената ваква икона на која Богородица е прикажана во црна боја. Оваа икона е една од највредните во Македонија и се верува дека има неверојатна лековита моќ.

Во манастирскиот двор се наоѓа чинарот стар 700 години. Тој има централно место во комплексот, посебно е обележан и е идеална локација за краток одмор.

На карпестиот гребен што се издигнува веднаш јужно од селото Калишта и се протега сè до селото Радожда, постојат повеќе вакви стари средновековни пештерски цркви од XIV и од XV век со доста вреден и интересен живопис.

Од нив посебно може да се издвои пештерната црква „Свети Атанасиј“, која изгледа како да е срасната во околните карпи. Оваа црква е симбол на средновековното сликарство во Македонија. Сепак, токму поради тоа, заедно со околните цркви и манастири, често е предмет на кражби, а неретко украдените икони се пронаоѓани во соседна Албанија. Некои никогаш не се вратени назад. Двете земји лани потпишаа договор за враќање на 20-тина икони украдени од битолскиот, струшкиот и од дебарскиот крај.

Црна Богородица од Калишта.





**Радожда.**
*Извŏр: kajak mk*

# РАДОЖДА

Патот нè води кон селото Радожда, кое се наоѓа на дваесетина минути возење од Струга. Познатото рибарско селце последниве неколку години стана симбол на руралниот туризам во земјава. Плени со местоположбата меѓу езерото од една страна и стрмните карпи од друга. До местото кое се наоѓа на надморска височина од 725 метри, се стигнува по нов асфалтиран пат кој поминува низ викенд-населбата Елен Камен. Во Радожда има многу што да се посети. Во селото и во околината има 7 цркви што пленат со својата убавина. Од нив се издвојува пештерската црква „Свети Архангел Михаил“. Можеби ќе се изморите додека стигнете до неа, но затоа, пак, погледот кон езерската шир вреди за направениот напор. Понова знаменитост е крстот висок 22 метри кој се наоѓа на влезот во селото. Овде има и дел од зачуваниот римски пат Вија Игнација. Зачувани се околу стотина метри од поплочениот пат – калдрма што ги поврзувала Рим и Блискиот Исток.

Денес селото е вистинска туристичка атракција и е доста посетено од многу домашни и странски туристи. Има на располагање многу сместувачки капацитети и ресторани. Токму рибарските ресторани на самиот брег му го даваат необичниот шарм на селото. Веднаш до езерото, мирисот на свежа риба ќе ви ги раздразни сетилата, а во ресторанчињата можете да пробате врвни рибни специјалитети и други деликатеси карактеристични за локалната кујна во струшкиот крај.

Не сакаме да го нарушиме впечатокот, но во водата на сред бел ден, видовме рибари кои фрлаа мрежи. Во сезона кога риболовот е забранет, ваквите дејства ја рушат сликата за природниот рај, мир и спокој кои ќе ги доживеете овде.

**Пештерските цркви се ретка убавина во реонот на Радожда.**



## ЗАВРШЕНИ ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ДО ПРЕМИНОТ ЌАФАСАН



**Граничен премин Ќафасан.**
*Извор: миа.мк*

Лин е првото селце од другата страна на албанската граница. За да стигнете дотаму, треба да се премине преку Ќафасан. Во текот на изминатава, 2023 година, градежните активности кон граничниот премин беа во полн ек, па слободно може да се каже дека за разлика од порано, кога оваа делница беше кошмар за возачите, сега прерасна во солиден регионален пат што ја поврзува државава со соседна Албанија. Ние го поминавме Ќафасан за неполни 10 минути, што значи дека дури и во август во најголемиот туристички метеж, процедурите се одвиваат брзо и лесно на двете страни од границата.

## СЕ ПРЕГОВАРА ЗА ОТВОРАЊЕ НОВ ГРАНИЧЕН ПРЕМИН СО АЛБАНИЈА

Инаку, планот е од Струга до границата со Албанија да води модерен автопат, кој треба да го гради американско-турскиот конзорциум „Бехтел и Енка“. Оваа делница ќе се гради последна, бидејќи компанијата треба истовремено да работи на повеќе инфраструктурни проекти низ Македонија. Исто така, властите од двете страни сè уште не се договориле дали автопатот ќе води до Ќафасан или, пак, ќе се помести на друга локација. На почетокот од годинава, властите најавија дека преговараат за отворање нов граничен премин, кој би бил лоциран во тунел, со што патот до Албанија би се скратил за 20 км.

„Последната идеја што ја изнесовме и за која потпишавме меморандум пред Нова година со премиерот Рама и со вицепремиерката Белинда Балуку во Албанија, е да го преместиме граничниот премин, односно границата веќе да не биде на Ќафасан поради височината, туку да се спуштиме подолу, во селото Радолишта, поврзувајќи го со селото Кукуш во Албанија, со што патот би се скратил од 15 до 20 км“, рече вицепремиерот Артан Груби.

За разлика од Македонија, која дури за 5 години можеби ќе почне да ја гради делницата до границата, Албанија забрзано гради нов модерен пат од преминот Ќафасан, па сè до Елбасан. Засега, тампониран е целиот дел од Елбасан до Либражд, а за таа цел променето е коритото на цела една река. Темпото со кое Албанија инвестира во патната инфраструктура навистина не е за потценување, па додека ние чекаме на финиширање на делницата Кичево-Охрид, западниот сосед ќе ги поправи и прошири патиштата во целиот јужен дел од земјата.

Исто така, ако некогаш и македонските и албанските власти на големо се фалеа дека железнички ќе ги поврзат двете земји токму кај Лин, од тие ветувања засега нема ништо. Во близина на Лин сè уште стојат остатоци од пругата што некогаш се користела за транспорт. Од македонска страна се остана на изработка на проектна документација, која предвидуваше изградба на железница од Кичево до границата во должина од 63 километри. Албанија како држава, пак, требаше да доизгради едвај 2,8 километри пруга. Жално што и овој начин на транспорт изостанува да ги поврзува двете земји, што сигурно би го забрзал и протокот на стоки, но и туристичкиот потенцијал и развојот на градовите и селата околу границата.




Лин.

## ЛИН

Само неколку минути возење ве делат од Ќафасан до малото рибарско селце Лин на албанска страна. Кривулестиот, но подновен пат до Лин води низ величествен природен пејзаж кој го отвора видикот кон Охридското Езеро од другата страна на границата. Интересно е што жителите на селцето не ги граделе куќите со поглед кон езерото, туку зад блискиот рид, па така мештаните и немаат некој којзнае каков поглед кон езерското синило. Очигледно е дека просторот е неразвиен бидејќи најатрактивните плацови со потенцијал за изградба на хотели и други сместувачки капацитети се токму тоа – земјоделски површини, од кои најголем дел стојат необработени.

Мирното место „живнува“ како што се приближувате кон езерото. На сретсело се наоѓаат неколку ресторани кои служат риба и други специјалитети. Бидејќи во нашата група имаше и луѓе што го посетиле Лин пред повеќе од 10 години, велат дека напредокот е очигледен. Ако пред една деценија местото било руинирано и запуштено, сега се гледале инвестициите во руралниот туризам. Некои од старите куќи со автентична архитектура се обновени и претворени во апартмани. Други, за жал се оставени на забот на времето. Сè уште стојат информативните табли во кои се посочува дека најголем дел од реконструкциите се направени со грантови или заеми од европските фондови. Уличките се обновени и поплочени, тротоарите проодни, а до главните знаменитости ве водат патокази на повеќе јазици.

Токму на сретсело, сретнавме една поголема група холандски и германски туристи кои беа на еднодневна прошетка околу езерото. На прашањето зошто токму оваа тура им е толку интересна за посета, велат:

„Местото е преубаво. Ваков мир и тишина во комбинација со оваа храна е преубаво доживување!“

„Кај нас нема вакво нешто – на улица да се продава домашно приготвена храна, вино или локални пијалаци. Едноставно, забрането е. Овде може и да јадете и да пиете по пристојни цени.“

„Моите деца не знаат како изгледаат домашните животни ако не ги однесеме во

зоолошка. Многу им е интересно овде!“

Во Лин има и црква и џамија. Порано овде живеело православно македонско население кое сè повеќе го истиснува муслиманското албанско. Патот до црквата „Света Варвара“ е стрмен и навистина тежок за качување, но секако вреди за напорот бидејќи храмот е величествен.

На ридовите над Лин има остатоци и од ранохристијанска византиска црква, која датира од VI век. Црквата е културен споменик на Албанија и е вклучена во списокот на УНЕСКО за заштита на Охридскиот Регион на албанска страна.

## НАЈСТАРА НАСЕЛБА ВО ЕВРОПА

Едно од најголемите изненадувања токму ова лето во 2023 година е откритието на швајцарските и на албанските археолози на остатоци од најстарото езерско село во Европа. Радиојаглеродната анализа на локацијата во Охридското Езеро близу Лин покажала дека наколната населба датира, приближно, помеѓу 6000 п.н.е. и 5800 п.н.е., што го прави старо околу 8000 години. За споредба, наколните живеалишта пронајдени близу Трпејца и Пештани датираат од околу 1.500 години п.н.е.

Раководителот на проектот, швајцарскиот професор Алберт Хафнер од Универзитетот во Берн, вели дека населбите на брегот на Охридското Езеро биле многу постари од тоа што го очекувале, па барајќи дополнителни финансии за нови истражувања, потенцира дека езерската област во Албанија, Грција и во Република Македонија е вториот најважен регион во Европа по алпската област, со околу 1.000 локации кои сè уште не се доволно истражени.





## УГОСТИТЕЛСТВОТО ВО АЛБАНИЈА – ЧИСТА ЕДИНИЦА

Албанија треба уште многу да работи на развој на туризмот и на угостителството. И покрај тоа што забрзано се обновува инфраструктурата, се градат хотели и се отвораат нови ресторани, се чини нивото на услугата во објектите останува на незадоволително ниво. Токму во Лин го доживеавме најлошото угостителско искуство во Албанија. Имено, комплексот „Леза“ во срцето на селцето е нов и модерен објект што вклучува сместувачки капацитети и ресторан на самиот брег. Погледот кон езерото и кон Галичица од спротивната страна е величествен, но впечатокот го уништува потпросечната летна тераса во водите на Охридското Езеро. ’Рѓосана ограда, мрежа и расфрлани маси и столици без редослед – вака отприлика може да се опише она што ги дочекува гостите на платформата. Тоа ни одблиску не е атрактивно како внимателно креираната внатрешност на ресторанот. Сепак, погледот вреди, па решивме да останеме овде. И покрај напорот и малиот број маси со гости, за услуга мораше да се чека и по 20-тина минути. За да се добие порачката уште речиси 40-тина минути, а оценката за комплетирање и начинот на сервирање е едноставно чиста нула. Сепак, вреди да се напомене дека цените овде беа пристапни за сечиј џеб и „како замрзнати“. Па така, 350 грама пастрмка чини 750 денари, белвица 600 денари, крап 450 денари, бифтек 500 ден, традиционалните готвени јадења 1.000 денари, рибна чорба 150 денари, шопска салата 150 денари, еспресо 35 денари и пивата Корча и нашето Скопско за 75 денари. За волја на вистината, рибата на жар беше превкусна, салатата скромно мала, но солидна, а пивото студено.



Ресторан „Леза“, најлошо искуство на патувањето.

## УСПЕШЕН ОБИД ДА СЕ „ОГРАБАТ“ ГОСТИТЕ НА КУРСНИ РАЗЛИКИ

Врвот на лошиот однос во угостителството овде, за кој се надеваме дека беше исклучок а не правило во сите ресторани крај брегот, беше наплатата на услугата. Откако ни беше посочено дека може да се плати во денари, пресметавме по среден курс на Банка на Албанија и уредно плативме. Но ништо не можеше да не подготви за брзината со која келнерот и сопственикот ни го попречија излезот со изговор дека сме платиле премалку. Имено, тие пресметале дека треба да се плати уште најмалку 100% од сумата. И покрај бројните докази, пресметки, консултации со други гости, никако не можевме да ги увериме во спротивното. Дури ни беше и кажано дека тоа е така бидејќи првпат доаѓаме таму. Иронично, искоментиравме дека не знаеме дека за тоа треба да се наплати провизија. На крај, за да не ескалираат работите, си плативме дополнително без потреба знаејќи дека сме во право, и со горчина заклучивме дека никогаш повторно нема да се вратиме во местото. Едноставно, во Лин угостителите сакаат да заработат енормно многу од гости што дошле еднаш и никогаш повеќе нема да се вратат. Сите што работат во угостителството знаат дека од ваквиот несериозен пристап кон работата, може само да изгубат, но не и да добијат. Некои гости Македонци, дури искоментираа дека ваквиот случај ги потсетува на Охрид во 90-тите години, кога газдите се надеваа на брза заработка. Во секој случај, ако некогаш одите во Албанија, најубаво е да си купите албански леки во Македонија пред да тргнете на пат за да не бидете „ограбени“ во име на курсните разлики.

П.С. Овде „не постојат“ фискални сметки, туку уште се во игра популарните „парагончиња“.


Шеталиштето во Поградец.



## ПОГРАДЕЦ – НАЈГОЛЕМ АЛБАНСКИ АДУТ НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

На патот до најголемиот град на Охридското Езеро од албанска страна, Поградец, може да се застане на многу видиковци што нудат убав поглед кон Галичица. Мора да се пофалат албанските власти дека многу инвестирале во инфраструктурата овде, па по должината на целото крајбрежје има и обележана велосипедска патека осветлена навечер.
На потегот од Лин до Поградец нема многу места, но налетавме на многу убави мали хотелчиња и кампови на самиот брег.

Поградец како град има претрпено драстична промена во последниве неколку години. Ако до пред 10 години изгледаше како некој тажен и сиромашен остаток од комунистичкото минато, сега влеговме во разигран и инфраструктурно обновен град, вреден да се нарече уште еден бисер на Охридското Езеро. Обновени фасади, уредени паркиралишта и сообраќајници – ова е сликата за срцето на Поградец. Во самиот центар доминира црквата „Воскресение Христово“, која сведочи


Градска плажа во Поградец.

дека ова некогаш бил крај со македонско православно население што подлегнало на процес на албанизација. Денеска половина од жителите се христијани, а половина муслимани.

Инвестициите во Поградец се особено видливи на кејот на езерото. Градот со години личеше на едно огромно градилиште. Километарската песочна плажа наместа има и делови со тиња, но овозможува пристап во водата и за лица во инвалидски колички бидејќи има рампа за таква намена. Опкружена е со модерно шеталиште на кое се продава сѐ и сешто, а во непосредна близина има многубројни симпатично уредени кафулиња и ресторани со прифатливи цени.

На 200 метри над Охридското Езеро, на ридот над градот, со Поградец доминира тврдината од 5. век. Таа не е воопшто зачувана, но нуди исклучителен поглед кон градот под неа.

## ТУШЕМИШТЕ

На 10-тина минути возење од Поградец, се наоѓа националниот парк Дрилон. Овде се наоѓаат извори кои понираат во Охридското Езеро. Местото многу потсетува на изворите кај Свети Наум. Природниот амбиент е величествен. За 5 евра можете да веслате со бротче низ зелените води, а откако ќе се изморите, да седнете крај езерцето на вкусна риба.

Секако, мештаните овде ќе ви кажат дека најубавата риба на скара ја има во блиското Тушемиште. Местото е класично рибарско село од типот на Пештани и Трпејца. Овде селаните со векови се занимавале со риболов и со подготвување вкусни рибни специјалитети. И денеска на само 5 минути од македонско-албанската граница кај преминот Свети Наум, во еден од многубројните ресторанчиња во ова селце, можете по многу поволни цени да пробате охридска пастрмка или коран. Не се за потценување ниту албанските пекарници кои печат вкусни векни леб.

**Национален парк „Дрилон“.**
*Извор: drilon.business.site*



## ГРАДБИТЕ КАЈ ТУШЕМИШТЕ ГИ НАЛУТИЈА ОХРИДСКИТЕ ЕКОЛОЗИ

Потегот на краткиот пат од Тушемиште до граница беше полн со дупки и одрони на патот ова лето. Навистина требаше да се внимава како се вози на овој потег. Дали поради тоа или поради немарните возачи, полициските патроли на оваа делница беа честа појава. Сепак, она што најмногу ги налути еколошките здруженија од Македонија, а особено од Охрид, се градежните активности кај Тушемиште. Имено, евидентно е дека присутната градежна механизација работи на отклонување на дрвјата по должината на крајбрежјето со цел да се направи кеј со пристаниште за помали бротчиња. Нејасно е зошто македонските власти упорно негираат дека вакво нешто се случува од другата страна на езерото и дека таква информација добиле токму од нивните колеги од Албанија, кога лично премиерот Еди Рама се пофали на социјалните мрежи токму со овој проект поради кој се нарушува биодиверзитетот длабоко во езерските води.

Инаку, УНЕСКО под чија заштита е езерото воведе мораториум за вакви градби од двете страни на езерото.

Еден ден е сосема доволно да се прошета албанската страна од езерото и да се посети сè што може да му се понуди на еден турист, но не и македонската страна на потегот од Свети Наум, па сè до Струга. Како што денот се приближуваше кон својот крај, решивме предвреме да ја прекинеме турата и наместо во Струга, денот да го завршиме со капење на зајдисонце на воената плажа зад манастирскиот комплекс Свети Наум.

Ова е една од најубавите песочни плажи на Охридското Езеро. До таму треба да се оди исклучиво пешки. Се работи за „скриен бисер" на езерото и ретко кој турист ја посетува. Откако долго време беше затворена за посетители, ова лето доживеа ренесанса за туристите што знаат како да стигнат до неа. Капењето на зајдисонце овде е посебно доживување за секој посетител.

**Забрзано се гради кај Тушемиште.**
*Извор: tvm*



# ДУРБИН

**На Универзитетот Скопје, свечено почна академската година, а бруцошите го имаа првиот академски час, со што беше одбележан почетокот на наставата за студентите запишани на прв циклус студии во учебната 2023/2024 година.**







Прв академски час на Универзитетот Скопје.

# ПОЧНА АКАДЕМСКАТА ГОДИНА

Амфитеатарот беше полн со студенти што се запознаваа со новите колеги и професори, како и со деканите на факултетите. Им се обрати ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, кој им посака успех во годините што ќе ги поминат на оваа високообразовна институција. Тој им го претстави и својот тим – проректорите, деканите, професорите и административниот кадар на Универзитетот, и од името на сите свои соработници, им посака топло добредојде на новите студенти.

*,,Трпението го прави човекот помудар. Бидете трпеливи и учете“*, истакна ректорот Миленковски на првиот академски час. Тој им порача на студентите дека трпението е тоа







Обраќање на ректорот Миленковски пред студентите.

што го прави човекот мудар и моќен, затоа што тоа значи владеење со себе во кој било миг што е предизвик, а со тоа и можност за индивидуален раст и развој. Тој ги потсети идните академски граѓани на Македонија



Деканот Граматниковски доделува е-индекс на студентите.

дека секоја цивилизација од антиката до денеска се потпира на два клучни столба – образование и здравство, олицетворени во македонскиот културен идентитет во ликовите на светите Климент и Наум, според кои е и именуван амфитеатарот на Универзитетот. На овој начин, целокупниот академски кадар на Универзитетот Скопје секојдневно се потсетува на својата примарна улога – да гради образовани и здрави идни лидери на општествените промени во Македонија.

Ректорот проф. д-р Аце Миленковски во својот говор зборуваше и за методологијата на студирање по која се издвојува Универзитетот Скопје од другите високообразовни институции во земјата, а која се базира на принципот на мерливост на знаењето. Универзитетот Скопје доследно го спроведува и системот на трансфер на кредит според Болоњската декларација (ЕКТС-систем).

По завршувањето на свечениот академски час, студентите од секој факултет имаа одделни средби со деканите, на кои беа информирани за идните активности во академската 2023-2024 година, примената на дигиталната технологија во процесот на студирање, наставните програми, распоредот на настава, како и за користењето на Е-индекс, Е-студент и Е-библиотека.




**Прв академски час на Аграрниот универзитет во Пловдив во присуство на министри, образовни партнери, пријатели и гости.**



Ректорот на Универзитет Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, присуствуваше и на првиот академски час како официјален гостин на Аграрниот Универзитет во Пловдив, Бугарија. На свеченоста беа присутни голем број гости, пријатели, образовни партнери од земјата и од странство, министерот за образование на Бугарија, проф. д-р Галин Цоков, министерката за социјална политика на Република Конго, проф. д-р Ирен Мбоку-Кимбаца, како и министерката за земјоделство и стопанство на Република Конго, проф. д-р Розали Матондо.

Свое пригодно обраќање пред присутните гости имаа и ректорот на Аграрниот Универзитет во Пловдив, проф. д-р Христина Јанчева, како и министерот за образование на Бугарија, проф. д-р Галин Цоков.



**Ректорот Миленковски официјален гостин на првиот академски час на Аграрниот универзитет во Пловдив.**

# РИСТОВСКИ: НА МАКЕДОНСКИОТ СПОРТ МУ НЕДОСТИГААТ ЛУЃЕ КОИ СЕ ПОДГОТВЕНИ ДА НАПРАВАТ ЖРТВА



Еден од најдобрите македонски голмани во историјата, Борко Ристовски, неодамна тивко ја најави ракометната пензија. Поранешниот репрезентативец влезе во Управниот одбор на најтрофејниот македонски клуб РК „Вардар 1961“. Тој во јули годинава, стави крај на играчката кариера и стана дел од раководните структури на клубот. Предизвикот е голем, но искусниот интернационалец со многу ентузијазам влезе да го врати двократниот европски првак на врвот на македонскиот ракомет.



**Ристовски: „Потребен е нов закон за спорт“.**
*Извор: РК Вардар*





„Да се биде на оваа функција, не е мала работа. Вардар е еден од најдобрите европски клубови, апсолутно најдобриот македонски клуб, и тоа носи тежина и своја одговорност. Мене ми е чест да сум дел од тимот што ќе го води Вардар, да го врати онаму каде што припаѓа“, порача Ристовски при неговото назначување за прв човек на клубот.

Искусниот интернационалец со многу ентузијазам влезе да го врати двократниот европски првак на врвот на македонскиот ракомет и веднаш настапи со свои ставови како може спортот да го добие приматот во општеството. Порача дека е потребен закон за спорт, со што би се регулирале многу прашања во овој сектор, а со тоа и да се стабилизира и финансирањето на спортските клубови, што е еден од најгорливите проблеми. Тој смета дека со законско решение, ќе се ослободат компаниите од сегашната стега и ќе имаат можност да вложат повеќе пари во спортот, а со тоа да бидат целосно ослободени од плаќање даноци кон државата. На тој начин, смета Ристовски, ќе се подигне општествената одговорност. Со законот за спорт, според македонската ракометна легенда, сега директор на РК „Вардар“, државата ќе има поголема контрола врз инвестирањето во овој сектор, а стопанството ќе се поттикне да вложува во него.

Неколку месеци подоцна, како извршен директор, Ристовски одговара на повеќе прашања, во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент.

**Ја завршивте активната голманска кариера**




Ристовски: „Мора да се случат промени за да оставиме трајни вредности во спортот“.
*Извор: курир.мк*

**и веднаш станавте едно од челните лица на доскорешниот клуб. Кои се првите предизвици со кои се соочувате како спортски директор на Вардар, откако поранешниот двоен европски шампион по долга доминација ја загуби шампионската титула во домашни рамки?**

По добивањето на честа, но и огромната обврска да водам еден од најголемите спортски клубови во Европа, прво направивме анализа кои погрешни чекори ги направи и сè уште ги прави Вардар. Откако ги констатиравме грешките, се фативме за работа, и морам да признавам дека за 80%, Вардар е реорганизиран на секое поле, а со тоа дојдоа и позитивните резултати. Но, постои предизвикот клубот да стане финансиски стабилен, а пота да имаме спортски добри резултати што ќе ја следат поставената реорганизација. Можам да кажам дека има многу предизвици, но и голема желба клубот Вардар да се врати на истата позиција каде што и заслужува да биде.

**Дали се гледате себеси како тренер или можеби размислувате кон тоа знаењето и искуството да ги ставите во функција на некоја позиција во ракометната федерација?**

Во моментов не се гледам себеси како тренер. Мојата енергија е насочена единствено кон Вардар и стабилизација на клубот, како што напоменав, од повеќе аспекти. Морам да признам дека имам желба и амбиција да стигнам до позиција во ракометната Федерација, но за тоа понатаму во животот. Фокусот и интересот во овој момент е само Вардар да стигне во врвот и да го покажеме и да го докажеме она што најмногу го знаеме.

**Со Кирил Лазаров бевте играчки икони од периодот на вашите репрезентативни кариери. Но, патиштата ви се разидоа, и последниве години сте на различни страни – и во клупска смисла и во однос на погледите за македонскиот ракомет во моментов. Зошто е тоа така?**

Тоа е приватна работа меѓу нас двајца. Во



Ристовски: ,,Останете им лојални на семејството, народот, државата.
*Извор: Слободен печат*

изминатиот период зборував доволно на таа тема и нема што повеќе да додадам. Она што можам да го кажам е дека имам и ќе имам забелешки кон начинот на кој се однесува кон националниот дрес, пред сè како селектор, и имам апсолутно право да го изразам своето незадоволство бидејќи бевме една успешна репрезентација, а сега сме на 27. место.

**Зошто стагнира македонскиот ракомет? Зошто носи сè помалку радости и задоволства за јавноста, која повеќе од деценија нетрпеливо го чекаше секој настап на машката репрезентација?**

Постојат повеќе причини. Една од нив е приватизацијата на македонската репрезентација. А со непризнавање на грешките, репрезентацијата се носи во амбис. Имаме квалитетни играчи, но потребен е различен концепт. Без задоволување на егото и нечии комплекси, Македонија би била многу поуспешна од досега.

**Важите за остар критичар кога станува збор за аномалиите во нашиот спорт, не само во ракометот. Покрај квалитетен стручен кадар, му недостига ли на македонскиот спорт и подобро лидерство – соодветни луѓе на водечки места?**

На македонскиот спорт му недостигаат луѓе што навистина сакаат да направат нешто за својата држава. Недостигаат луѓе што се подготвени да направат жртва за работите да тргнат во вистински правец. Погледнете каде бевме на спортски план пред седум или осум години, а каде сме сега. Сè ќе стане јасно кога ќе се погледне наназад. Промени мора да има за да оставиме нешто што ќе биде трајна вредност во спортот.

**Хроничниот недостиг од финансии во спортот, државата се обидуваше да го решава со „спортскиот ваучер“, но најавено е негово укинување од 2024 година. Колкави беа реалните придобивки од него? Има ли алтернативни решенија да се стигне до подобра финансиска состојба во спортот?**

Алтернативи секогаш има ако сакате навистина да ги најдете. Едно од решенијата е нов закон за спорт и финансирање во спортот. Со тоа, компаниите и стопанството ќе имаат поттик да пренаменат дел од финансиите и наместо да ги платат како данок на државата, да ги инвестираат во спортот. Но, тука е потребна контрола од страна на државата, дали, како и колку навистина од тие средства завршуваат во спортот. Но, ќе потенцирам, за сè има решение ако сакате навистина да има.




„Вардар 1961“ потпиша Меморандум за соработка со Универзитетот Скопје.
*Извор: МРТ*



**Иако не сте активен на теренот, дали успевате да најдете време да ја одржите кондицијата?**

Во ова турбулентно време, се трудам поголем дел од времето да го поминам спортувајќи и морам да признам дека сум спортски активен. А тоа ме прави среќен и е дел од мојата дневна рутина.

**Покрај вашите успеси во кариерата, се стекнавте со диплома од Економскиот факултет на Универзитетот Скопје. Која порака би ја испратиле до нашата младина?**

Точно. Јас бев студент на Економскиот факултет на Универзитетот Скопје. Но, моето образование нема да застане тука, имам желба да продолжам. Пораката до младите е да научат да работат вредно и чесно за сè што веруваат. Да им останат лојални на своето семејство, народот, државата. Само на тој начин можеме да изградиме здраво општество.

Во август годинава, ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски и извршниот директор на РК Вардар потпишаа меморандум за соработка.

,,РК Вардар 1961 и Универзитетот Скопје делат исти вредности, а тоа е развој на спортот во нашата држава“, изјави Ристовски по тој повод.

,,Продолжуваме да го поддржуваме спортот во Македонија. Продолжуваме без запирање да вложуваме во здрава младина за доброто на татковината“, рече ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски.

Борко Ристовски поголем дел од својата кариера ја помина во странство, а на почетокот и крајот остави трага и во домашното првенство. На еден од последните значајни турнири, Купот на Македонија, беше прогласен за најдобар голман.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## Н.Е. ДРАГАН ЈАКИМОВИЌ,

**амбасадор на Босна и Херцеговина во Македонија**



## ЈАКИМОВИЌ: ОТКАКО СУМ АМБАСАДОР, СИТЕ МОИ ПРИЈАТЕЛИ САКААТ ДА ЈА ПОСЕТАТ УБАВАТА МАКЕДОНИЈА

„Активно работевме на промоција на туристичките капацитети, како и на собирање податоци за профитабилноста од воведувањето директна авиолинија. Конечно, од октомври годинава беше воспоставен директен лет меѓу Сараево и Скопје, кој сообраќа 3 пати неделно. Ценам дека во следната година ова ќе придонесе за значителен пораст во двете земји.

Исто така, проектот на кој работам е воспоставување директна авиолинија (чартер) помеѓу Бања Лука и Охрид, која уште поблиску би ги поврзала двете земји. Се надевам дека ваква чартер-линија ќе заживее веќе идното лето“, рече амбасадорот на Босна и Херцеговина во Македонија, Н.Е. Драган Јакимовиќ.




**Н.Е. Драган Јакимовиќ, Амбасадор на БиХ во Македонија: „Македонија е пример дека за меѓународната задница не доволно ниту исполнување на условите за влез во ЕУ“.**
*Извор: ambasadabih.org.mk*

**Веќе четири години сте амбасадор на Босна и Херцеговина во Македонија. Што Ви остава најголем впечаток во нашата земја?**

Во ноември ќе навршат четири години откако ја презедов функцијата амбасадор на Босна и Херцеговина во Македонија. Вршењето на оваа должност во вашата земја ми причинува големо задоволство и посебна чест за мене, бидејќи Македонија е пријателска земја што никого не остава рамнодушен. Најголем впечаток ми оставаат пред сѐ луѓето, а потоа, секако, убавината на вашата земја. Македонија е навистина земја богата со природни убавини и има сѐ што му треба на еден човек: прекрасни паркови, планини, прекрасни езера и, што е најважно, одлична клима. Исто така, културното богатство и одличната храна ми оставаат одличен впечаток.

**Каков е вашиот став во однос на Европската Унија? Дали мислите дека балканските земји треба да станат дел од европското семејство?**

Би рекол дека сѐ уште сме далеку од постигнување нов, позитивен и одржлив меѓународен напредок. Да, ги гледам балканските земји во ЕУ, и неспорно е дека во речиси сите држави имаме консензус за влез во Унијата, како кај државниот врв, така и кај политичките партии на власта и во опозицијата, но единствено прашање е кога раководството на Европската Унија ќе успее да донесе одлука, во екот на сите актуелни настани, за прием на нови членки. Сите земји од Западен Балкан се едногласни кога станува збор за членството во ЕУ, а доказ за тоа се 72-те иницијативи кои им даваат приоритет на евроинтегративните процеси. Би сакал да ги истакнам Берлинскиот процес, кој повторно заживеа, и иницијативата „Отворен Балкан“, која одигра значајна улога во зачувувањето на мирот, особено во регионот, во време кога

имавме големи кризи како пандемијата со Ковид-19, енергетската и економската криза, но и последиците од војната во Украина. А сега, и новата војна во Израел, која не смее да се игнорираа. Резултатите од „Отворен Балкан“ практично покажуваат дека земјите од Западен Балкан знаат да се договорат меѓу себе и да придонесат за мирот, како и дека ѝ припаѓаат на Европа. Но, во самата ЕУ има неусогласеност на европските политичари во односот на приемот на земјите од Западен Балкан. Македонија е совршен пример за тоа, како земја која ги исполни сите барања и го потпиша Договорот од Преспа, со кој ѝ беше ветено место во европското јато. Кога нејзините граѓани мислеа дека реализацијата на евроатлантските цели и перспективи се на дофат, тогаш ЕУ и постави нов услов – уште една промена на Уставот.

Шарл Мишел, претседателот на Европскиот совет, им даде нов оптимизам на земјите од Западен Балкан, со официјализирањето на датумот на прием на сите земји од Западен Балкан во 2030 година. Да се надеваме дека ќе биде навистина така.

**Колку често се состанувате со македонските политичари? Каква соработка остварувате во различни области?**

Откако ја презедов функцијата амбасадор во Македонија, остварувам редовни средби со политичари во вашата земја, а со некои политичари сум многу добар пријател. Слободно можам да кажам дека за овие четири години сум презадоволен од соработката на сите нивоа на власт во земјата. Исто така, да напоменам дека одржувам редовни средби со многу луѓе надвор од политиката, како што се претставници на различни компании, здруженија, невладини организации итн.

Амбасадата на Босна и Херцеговина во Скопје има одлична комуникација со сите претставници на Владата, со различни деловни здруженија, културни институции,





**Н.Е. Драган Јакимовиќ, Амбасадор на БиХ во Македонија: „Остварувам постојано средби со сите чинители на политичката сцена.“**
*Извор: pretsedatel.mk*



спортски и туристички организации, и со голема радост одговараме на секоја покана за присуство на настан.

**Неодамна во северот на Косово се случи вооружен напад. Колку Ве загрижуваат ваквите настани и дали мислите дека се закана за стабилноста на регионот?**

Тоа е исто толку загрижувачки колку она што во моментов се случува во Украина и во Израел. Без разлика дали е физички подалеку или поблиску, мирот е универзална сила на животот, и неопходно е да се заштити и да се усоврши, бидејќи тоа им го должиме на оние што остануваат по нас. Неопходно е да се охрабрат сите страни во сите конфликти да дојдат до фер решение преку отворен и искрен дијалог, од кој корист ќе имаат сите.

Мислам дека токму тоа недостига од интеграцијата на Бриселскиот договор со Охридскиот анекс – таканаречен патоказ, каде што сите земји признати од Обединетите нации треба доследно да ја почитуваат Повелбата на ОН, што е исто така добра основа за нормализација на односите меѓу Белград и Приштина. Да имаме на ум дека со Резолуцијата 1244 на Обединетите Нации, КФОР има мандат да го зачува мирот.

Сметам дека е неопходно да се подобрат односите и да се градат  поуспешно преку учество во регионални иницијативи. Таков е примерот со иницијативата „Отворен Балкан", која успеа да ги задржи столбовите на мирот во регионот, заснована на добрососедски односи и на регионална економска соработка меѓу Македонија, Србија и Албанија. Зајакнувањето на економските врски придонесе за просперитетот на земјите и на нивните граѓани.

Од друга страна, во моментот кога непринципиелната политика ќе излезе на политичката сцена и на регионално и на глобално ниво, тогаш наместо економски дијалог, имаме дијалог со оружје, кое никогаш никому не му донесло ништо добро.

**Трговската размена меѓу Македонија и Босна и Херцеговина бележи пораст. Дали имате информации за компании што се заинтересирани да вложат во нашата земја?**

Според последните податоци на Комората за надворешна трговија на Босна и Херцеговина, нашата земја најмногу извезува во Македонија производи од дрво и јаглен, потоа млеко и млечни производи, железо и челик, хартија, месо, риба, школки и производи од мекотели. Босна и Херцеговина најмногу увезува од Македонија производи од железо и челик, пијалаци, алкохол и оцет, електрични машини и уреди, опрема и нивни делови, производи на база на житарки, брашно и скроб, пластика и производи направени од пластика.

Покриеноста на увозот и извозот е приближно еднаква, и трговската размена е приближно иста како и во претходните години. Посебно обрнувам внимание на фактот дека периодот на пандемијата со корона-вирусот, актуелната криза во Украина и Израел и растечката економска криза во светот, директно влијаат врз економската соработка. Секако дека има многу простор за унапредување на соработката, и треба да продолжиме да работиме на тоа во иднина.

Кога станува збор за компаниите од Босна и Херцеговина на македонскиот пазар, „Босналијек" е најголема. Амбасадата активно работи на промовирање на пазарните капацитети за инвестирање, а во следниот период ќе се обидеме да ги приближиме компаниите што е можно повеќе, да ги поттикнеме да инвестираат во следниот период.

Пред пандемијата со корона-вирусот започна формирањето на бизнис-клуб, чија цел е да поврзува компании од Босна и Херцеговина и Македонија, како и други заинтересирани субјекти од деловната сфера. За жал, пандемијата и неможноста за одржување чести состаноци и поблиски контакти ја спречи таа идеја, но Амбасадата

на Босна и Херцеговина повторно ја покрена иницијативата, па се надевам дека ќе успееме да ја спроведеме во догледна иднина.

**Пораст е забележан и во туризмот меѓу двете земји. Граѓаните на Босна и Херцеговина, споредбено со минатата година, за повеќе од 30 проценти ја посетиле Македонија. Која е Вашата препорака за македонските власти за зголемување на бројот на странски туристи во нашата земја?**

Мене лично ми е драго што гледам дека има пораст на туризмот. Туризмот е една од најважните гранки на економијата и единствената гранка што овозможува промоција на една земја на најдобар можен начин. Преку развојот на туризмот луѓето се подобро поврзани, што придонесува за зачувување на културното наследство и на традициите. Амбасадата на Босна и Херцеговина во Скопје и јас, како амбасадор лично, се заложивме за воспоставување на директна авиолинија помеѓу Босна и Херцеговина и Република Македонија, бидејќи беше голема штета што таква линија не постоеше. Активно работевме на промоција на туристичките капацитети, како и на собирање податоци за профитабилноста од воведувањето на ваква директна авиолинија. Конечно, од октомври годинава година беа воспоставени директни летови меѓу Сараево и Скопје, кои сообраќаат 3 пати неделно. Ценам дека во следната година, ова ќе придонесе за значителен пораст на туристичката размена меѓу двете земји.

Исто така, проектот на кој работам е воспоставување директна авиолинија (чартер) помеѓу Бања Лука и Охрид, која уште поблиску би ги поврзала двете земји. Се надевам дека ваква чартер-линија ќе заживее веќе во летото 2024 година.

Што се однесува до препораките за зголемување на бројот на туристи, секако треба да работат на подобра туристичка промоција и двете земји, преку разни видови едукации, промотивен материјал, саеми и слично.

**Во која област е најголема соработката меѓу Босна и Херцеговина и Македонија?**

Добра соработка постои на различни полиња, од економска, трговска размена, културна, спортска, политичка итн. Но, она што е неопходно е да се подобри соработката меѓу двете земји во секој аспект. Ние сме пријателски земји и немаме отворени прашања, но имаме многу простор за подобрување на соработката, особено во економска смисла.

Во мај оваа година беа потпишани два многу важни договора меѓу двете земји, Договорот за соработка во областа на туризмот и Договорот за економска соработка. Во нивни рамки, двете страни ќе разменуваат статистички податоци, информации, материјали и публикации од промотивен карактер, ќе соработуваат за усогласување на соодветните планови и на други активности. Потпишан е и Меморандум за разбирање помеѓу Управата за индиректно оданочување на Босна и Херцеговина и Управата за јавни приходи на Министерството за финансии на Македонија. Она што ми е многу важно и на што се гордеам е признанието што ми го додели Сојузот на стопански комори на Македонија за успешна соработка. Такво признание им беше доделено на Амбасадата на Јапонија, Амбасадата на Народна Република Кина и Амбасадата на Босна и Херцеговина, со кои во изминатиот период успешно беа реализирани заеднички активности и проекти. Наградата е доделена за сеопфатна поддршка во сферата на интернационализација на бизнисот на двете земји, на лица кои преку своите напори и контакти активно учествувале во голем број значајни проекти. Конкретно, го реализиравме присуството на македонски компании на најважната земјоделска манифестација во Босна и Херцеговина, Меѓународниот саем „ИНТЕРАГРО 2022“.




**ССК му додели награда на амбасадорот на БиХ за успешна соработка.**
*Извор: ambasadabih.org.mk*

За прв пат, Македонија беше партнер во организацијата на споменатиот Саем, каде што беа претставени стратешки интереси за соработка меѓу Босна и Херцеговина и Македонија во туристичкиот сектор, како и во сферата на металот, дрвото, храната и текстилот индустрии.

### Во што најмногу уживате во Македонија? Каде ги носите Вашите гости кога ќе дојдат во нашата земја?

Најмногу уживам во природната убавина, богатата храна и култура. Во текот на четирите години колку што сум овде, се обидов да ги посетам речиси сите знаменитости на Македонија. Посетив многу градови и остварив многубројни средби со градоначалници. Сакам да се шегувам кога се во прашање гостите, па велам дека откако ја презедов функцијата, одеднаш Македонија е случајна дестинација за сите. Имам многу гости и приватно и официјално. Амбасадата оствари многу посети на највисоко ниво. Се трудам да ги угостам сите како вистински домаќин, бидејќи навистина така се чувствувам овде, како да сум дома. Се трудам да им ги покажам сите убавини што ги нуди оваа земја, секако, тука е неизбежна обиколката на најдобрите ресторани со прекрасна македонска музика.

Исто така, сакам да напоменам дека сум поранешен спортист и дека уживам во многу спортски настани. Редовно учествувам на дипломатски тениски турнири, а со пријатели и познаници редовно организирам кошаркарски игри со различни луѓе од спортот и од бизнисот.

### Која е Вашата омилена храна во Македонија?

По природа сум голем гурман и многу ми е тешко да издвојам што ми е омилено кога е македонската кујна во прашање. Навистина имате многу богата кујна, а не смеам да ги заборавам и одличните вина.

# МАЛ ПОРАСТ НА ПЕНЗИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА, КАКО ЖИВЕАТ ПОСТАРИТЕ ГРАЃАНИ НА БАЛКАНОТ?





На стартот на октомври, македонските пензионери добија едвај 5,3% покачување на месечните примања. Граѓаните од третото доба останаа со празни раце и очигледно незадоволни излегуваат на протести низ повеќе градови во Републиката. Бараат линеарно зголемување на пензиите од 3.500 денари за секој пензионер, а не процентуален пораст согласно со сегашната методологија. Дополнително, бараат зголемување на минималната пензија до нивото од 18.000 денари. Министерката за труд и социјална политика, Јована Тренчевска, застана категорично против ваквиот предлог. Вели дека методологијата мора да се почитува и пензионерите со поголеми примања не треба да се дискриминираат. За неа е доволно и тоа што во Македонија ќе немало пензија пониска од 13.000 денари. Сепак, состојбата на терен покажува дека и покрај порастот, најголем дел од пензионерите и натаму спаѓаат во категоријата сиромашни и едвај крпат крај со крај. Едноставно, зголемувањето не им го подобри нималку животниот стандард.



**Тренчевска одби линеарно зголемување на пензиите.**
*Извор: вечер.мк*

## НИТУ НАД 6%, НИТУ 6%, КОЛКАВО ПОКАЧУВАЊЕ ДОБИЈА МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ?

Покачувањето е најголемо кај најбогатите, а најмало кај пензионерите со најниски месечни примања. Ова значи дека, на пример, ако пензионерот добивал минимална пензија од 12.500 денари, добил покачување од неполни 700 денари. Инаку, пензија до 13.000 денари земаат најголем дел од пензионерите во Македонија или 97.000 постари граѓани. Оние што земаат просечна инвалидска пензија од околу 17.000 денари, добија речиси 900 денари покачување. Оние со примања од 22.000 денари, добија плус 1000 денари на своите трансакциски сметки. Што значи дека ако пензионер зема просечна воена пензија, на пример, од 27.000 денари, со новиот износ добил нешто над 1400 денари покачување, односно пензијата сега му изнесува 28.500 денари.

Пензијата, согласно со новата методологија, се усогласува на 1 март и на 1 септември секоја година според процентот што се добива како збир на порастот на индексот на трошоците на живот во претходното полугодие и процентот на порастот на просечно исплатената плата на сите вработени. И покрај тоа што Владата се фали со таканаречената „нова“ методологија, истата Влада, пред неколку години, кога просечната плата енормно порасна, намерно законски ги исклучи пензиите од „равенката“. Сега, пак, кога го враќа старото решение во сила, се фали дека направила нешто плус, односно дека пензионерите добиле нешто повеќе, а не нешто што претходно им било ускратено.




**Протест на пензионерите.**
*Извор: вкурир.мк*





Инаку, со исплатата во октомври, престанува и практиката за предвремена исплата на пензии. Оваа поволност пензионерите почнаа да ја добиваат за време на пандемијата со Ковид-19, кога деловните банки почнаа со исплата на пензии една седмица пред предвиденото, односно во последната недела од претходниот месец.

И во другите држави во соседството, инфлацијата „им ги јаде" парите на граѓаните, меѓу кои се и пензионерите. Се чини, тамошните власти имаат повеќе слух од македонските кога се во прашање помошта и зачувувањето на стандардот на оние што заслужено бараат пристоен живот бидејќи веќе одамна „си го одработиле своето" и придонеле со плаќање даноци и придонеси, како и со својот труд во развојот на државата каде што живеат.

## СРБИЈА

Македонските пензионери со право се жалат со оглед на тоа дека нивните врсници во Србија ќе добијат по 170 евра повеќе на своите сметки. Имено, претседателот на Србија, Александар Вучиќ, во своето обраќање до јавноста најави историско зголемување на пензиите веќе од октомври од 5,5%, а освен тоа најави и низа поволности преку т.н. пензионерски картички. Тој најави дека над 1.600.000 пензионери ќе се радуваат бидејќи покрај најавените покачувања на пензиите, од 25 ноември до 5 декември, ќе добијат и по 20.000 динари (170 евра) еднократна помош. Според најавите, во соседна Србија, по Нова година во јануари, се очекува ново зголемување на пензиите и тоа од 14,6%.

*„Би ги замолил пензионерите да ги земат овие пензионерски картички, ќе има бројни попусти, ќе им значи сето ова. Многу работиме да им обезбедиме попусти во разни маркети"*, рече Вучиќ.

И покрај најавените покачувања, претставниците на пензионерите во соседна Србија остануваат незадоволни. Велат дека просечната пензија во Србија изнесува 37.800 динари или 322 евра, додека просечната плата достигнала 85.000 динари или 723 евра. Не ги радува многу фактот што просечниот пензионер во Србија зема едвај 42% од она што го зема сега просечниот работник.

Милан Грујиќ, претседател на Синдикатот на пензионери кој преговара со Владата, рече дека нивниот предлог е најавената солидарна помош за пензионерите која ќе се исплати еднаш, да не се распределува линеарно, туку селективно, со што пензионерите со најниски примања ќе добијат најголем износ. Бараат да бидат исклучени оние со пензии над 100.000 динари (853 евра).

Во барањето за средба со премиерката Брнабиќ, здруженијата на пензионерите наведуваат дека „во последните две години има драматично осиромашување на пензионерската популација предизвикано од постојаното зголемување на цените на прехранбените производи, енергијата, трошоците за домување и на лековите, поради што дури околу милион припадници на најстарата возрасна група се нашле на работ на физичкиот опстанок".

Според податоците со кои располагаат здруженијата, во Србија пензија до 37.800 динари (322 евра) имаат 980.000 пензионери, а од нив 600.000 до 30.000 динари (256 евра). 178.000 добиваат пензија од 15.000 до 16.000 динари (или од 128 до 136 евра), а 300.000 до 25.000 динари (213 евра). Во Србија има 32.000 луѓе со приходи поголеми од 100.000 динари (853 евра), што е само 2,3% од вкупното пензионерско население.

**Српскиот претседател Вучиќ пресметува повисоки пензии.**
*Извор: mondo.rs*



## ХРВАТСКА

Рекордно зголемување на пензиите најавува и хрватската Влада. Тамошните граѓани со нетрпение очекуваа државната статистика да излезе со информации за стапката на инфлација, па сега пресметката покажува дека процентот на усогласување и зголемување на пензиите е точно 8,42%.

Пензиите во Хрватска се усогласуваат на 1 јануари и 1 јули секоја календарска година. Исто така, важно е да се напомене дека ова е и најголемото усогласување досега, бидејќи овој модел на раст на пензиите заснован на промените на платите и на инфлацијата беше воведен во далечната 1999 година.

Хрватска е меѓу првите земји на Балканот која оваа година исплати еднократна помош за најстарите граѓани. Околу 50.000 пензионери летово добија од 60 до 160 евра плус на своите сметки како помош поради енормно високата инфлација што ја зафати земјата.

Просечната старосна пензија во Хрватска во моментов изнесува 436 евра, додека семејните и инвалидските пензии се пониски и до 100 евра.

Минималната возраст за пензионирање во Хрватска во моментов е 65 години и стекнат 15 години пензиски стаж за мажи и 63 години за жени. До 2030 година, возраста на пензионирање треба да се изедначи на 65 години за двата пола, а под одредени услови, предвремено пензионирање е можно дури и 8 години порано.

За оние што не сакаат да чекаат редовно пензионирање, хрватскиот закон им дозволува на работниците да го направат тоа предвреме, но неопходно е тие да исполнат одредени услови за да го остварат правото на пензија. За мажите тоа е 60 години живот и 35 години пензиски стаж, додека жените можат да одат во пензија со 57 години во периодот од 2020 до 2029 година.

Во овој случај, пензијата во Хрватска трајно

**Највисок раст на пензиите во Хрватска.**
*Извор: Patrik Macek PIXSELL*



се намалува за 0,2% за секој месец на предвремено пензионирање, без оглед на должината на пензискиот период. Исплатата на пензија не му се суспендира на корисник на предвремена старосна пензија кој е во постапка на остварување на правата во работен однос до половина од полното работно време.

## ЦРНА ГОРА

Во Црна Гора пензиите ќе бидат покачени за 5%, со што минималната пензија од октомври е околу 300 евра. Просечната пензија во Црна Гора досега изнесуваше 405 евра. Ваквата одлука тамошната Влада ја донесла кон средината на септември по бранот незадоволства на најстарата категорија граѓани по шокантните поскапувања на многубројни производи и услуги.

Министерот за финансии, Александар Дамјановиќ, изјави дека на овој начин минималната пензија ќе изнесува две третини од минималната плата, која е 450 евра.

„Тоа беше нашето ветување за пензионерите. Има околу 30.000 пензионери. Споредено со она што го најдовме во минатата година во април, ова е евидентна промена. Желбата е да се создадат услови Фондот ПИО да ги финансира сите овие обврски преку сопствени приходи и без трансфери од буџетот. Со ова силно потврдуваме дека сите разговори за укинување на Фондот на ПИО би биле катастрофални. Фондот на ПИО во најголем дел сам се финансираше во оваа година. Пожелно е во наредниот период да се создадат услови да профункционираат доброволните пензиски фондови кои никогаш не оживеаја“, рече Дамјановиќ.

Тој рече дека ќе се зголеми и просечната пензија, која сега е на нивото од 405 евра, а желбата е таа да достигне 60% од просечната плата во земјата.

**5% зголемување за Црногорците.**
*Извор: АА*





**Најголеми корекции на пензиите во Босна и Херцеговина.**
*Извор: slobodnabosna.ba*

## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Просечната пензија во Босна и Херцеговина е околу 674 конвертибилни марки, што е еднакво на 344 евра. Мајската пензија со исплатата во јуни претрпе нагорни вонредни корекции.

Според ова вонредно усогласување на пензиите, најниската пензија за мај изнесува 538,27 КМ, гарантираната е 642,40 КМ, додека највисоката пензија е 2.626,42 КМ. Најголем број пензионери, 358.471 лица, се корисници на просечна пензија, која сега изнесува 674,68 КМ. Босна и Херцеговина исплаќа примања на 436.337 корисници.

И покрај порастот на пензиите, пензионерите во БиХ не живеат подобро од претходно. Со овие примања не покриваат ниту 24% од потрошувачката кошничка што ја пресметува синдикатот.

## ПРОСЕЧНА ПЕНЗИЈА

| | |
|---|---|
| МАКЕДОНИЈА | 327 ЕВРА |
| СРБИЈА | 340 ЕВРА |
| БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА | 344 ЕВРА |
| ЦРНА ГОРА | 425 ЕВРА |
| АЛБАНИЈА | 305 ЕВРА |
| ХРВАТСКА | 436 ЕВРА |



**Делина Ибрахимај, министер за финансии на Албанија.**
*Извор: argumentum.al*



## АЛБАНИЈА

Пензиите претрпеа зголемување и во Албанија. Премиерот Еди Рама во септември најави дека сите пензии ќе бидат покачени, со што просечната пензија  се зголеми на 18.794 денари (305 евра), а дополнително е најавен бонус од околу 5.000 леки за секој пензионер на крајот на годината.

Министерскиот совет кон крајот на септември веќе го одобри индексирањето на пензиите со стапка од 8,6%. Според напишаното во одлуката, корисници на ова зголемување ќе бидат повеќе од 767.000 граѓани низ државата. Одлуката предвидува индексирање на 8,6% од сите категории пензии (старосни пензии, целосни пензии, делумни пензии, намалени пензии, инвалидски пензии, пензии во градот, на село, пензии дадени за посебна државна помош итн.) .

Имплементацијата на оваа одлука започна на 1 октомври и само за периодот октомври – декември 2023 година, финансискиот ефект врз државниот буџет се пресметува на околу 3,1 милијарди леки, додека за 2024 година ќе изнесува 12,1 милијарди леки.

Во текот на изминатата година беа извршени две индексации на пензиите, вкупно по стапка од 9,5%, со финансиски ефект од 5,4 милијарди леки.

Од прикажаното претходно, јасно се гледа дека македонските пензионери се едни од најсиромашните на Балканот. И со пресметаното покачување на примањата од 5,3% во октомври, просечната пензија во државата од 327 евра (зголемена од 311 евра), со исклучок на Албанија е најниска на полуостровот.

Со најголеми примања на Балканот, остануваат пензионерите од Словенија со 810 евра и Грција со 727 евра во просек на месечно ниво.



**И со покачувањето пензионерите сиромашни.**




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

UNIVERSITY OF SKOPJE
OF SKOPJE
EST. 2006

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC